По основ на Член 32. Од Статутот на АФМ, Одборот за авто спорт(ОАС)на АФМ, на седницата одржана на 21-12-2016 во Скопје, го одобри

# ПРАВИЛНИК ЗА АВТОСПОРТОТ НА АВТОМОБИЛИСТИЧКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

## *ОСНОВНИ ОДРЕДБИ*

**Член 1.**

Одборот за авто спорт на (ОАС), АФМ потполно е самостално стручно тело, надлежно за утврдување и спроведување на правилата според кои се одвиваат натпреварите во автоспортовите на територија на Република Македонија.

Со работата на одборот, раководи председателот на Одборот во согласност со деловникот за работа.

Покрај председателот и неговиот заменик, ОАС го сочинуваат и Спортските Директори на поедини дисциплини во авто спортот, како и председателот на Техничката комисија за авто спорт и Судиската комисија за авто спорт. Во работата на ОАС, без право на глас, учествува и пилот како представник на советот на пилотите, стручен соработник, член на Управниот Одбор на АФМ, како и Делегатот за безбедност кој е Председател на Комисијата за безбедност.

**Член 2.**

Правилникот за авто спорт (во понатамошниот текст "Правилник"), е збир на правила кои ги утврдил ОАС. Со нив се регулираат специфичностите на сите дисциплини во авто спортот.

За сите одредби кои не се наведени во Правилникот, ќе се применуваат Меѓународните спортски правила на **ФИА** и неговите додатоци.

**Член3.**

Сите правни и физички лица, членки на АФМ, должни се да се придржуваат на правилата и одредбите пропишани со правилниците од Член 2.

Евентуалното непознавање на било кое правило, не се смета за оправдување при починувањето на прекршоците.

**Член 4.**

Сите членки и сите членови на АФМ се откажуваат од можноста на било каков судски процес вон матичната организација, признавајки ги одлуките на надлежните тела на АФМ како и конечни (вклучувајки ги и одлуките на дисциплинските тела).

Вонредно, во случај да се работи за материјално побарување, оштетената странка има право на решавање на спорот пред надлежниот суд во Скопје и тоа тогаш кога ги искористила сите можности во внатрешната структура на АФМ, односно Олимписки Комитет на Македонија.

Секој службеник на АФМ мора да води сметка на "сукобот на интереси". "Сукобот на интереси" настанува тогаш кога службеникот на АФМ ги искористи своите овластувања во АФМ за да на себе, својот клуб или фирма во која што работи, и донесе имотна или друга корист.

Во случај да се посомнева или утврди постоење на "судир на интереси" ОАС ќе именува посебна комисија која ќе ја утврди вистинската состојба и ќе предложи заклучоци кои ќе бидат доставени до УО на конечно одлучување

**Член 5.**

По основ на одредбите на Правилникот се донесуваат додатоци кои се однесуваат на поедини дисциплини во авто спортот за следната година, а со кои се распишуваат и утврдуваат правилата на шампионатот во авто спортовите на територија на Република Македонија.

За секое натпреварување во тие шампионати или други натпревари во надлежност на ОАС, се донесуваат посебни правилници на натпреварот.

Секое ново или дополнително правило кое е утврдено и одобрено од ОАС, мора да биде вклучено во Правилникот или во додатокот Правилник.

Натпреварите кои се одржуваат спротивно од одредбите на Правилникот, додатокот на овој Правилник, односно посебните правилници на поедини натпревари, нема да се сметаат за регуларни.

**Член 6.**

Во случај на било каков спор, настанат поради различно толкување на поедини одредби на овој Правилник во текот на натпреварот или вон него, членките на АФМ мораат прво да се обратат до Апелациската комисија за авто спорт.

Истата е составена од пет(5) членови и тоа: председател на ОАС и неговиот заменик, член на една комисија на ОАС која не е надлежна за дисциплината во која е неопходно да се донесе одговарачка одлука, председателот или членовите на Техничката комисија и член одреден од страна на Управниот Одбор, ќе бидат надлежни на седниците на Апелациската комисија исклучиво во советодавна функција.

**Член 7.**

Својата активност ОАС ќе ги обавува со помош на своите комисии:

- Комисија за кружни натпревари (дисциплини А01 и А04)
- Комисии за ридско брзински автомобилизам ( дисциплини А02 и  А09)
- Комисија за рали и оценско рели (дисциплини А03 и А07)
- Комисија за Крос Кантри (дисциплина А05)
- Комисија за натпревари во забрзување (дисциплина А10)
- Судиска комисија на ОАС
- Техничка комисија на ОАС
- Комисија за безбедност на ОАС

Начинот на работа на стручните комисии на ОАС се дефинира со планот за работа за тековната година. Комисиите се бираат посебно по дисциплини, а се препорачува заедничка работа на комисите во сродните дисциплини.

Члановите на комисијата се задолжително Спортскиот директор на поедината дисциплина и неговиот заменик. Стручните комисии во својот состав имаат квалификувани судии со положен, или по некој основ признаен специјалистички испит за директори и секретари на натпреварот.

Со работата на стручните комисии, во склад со работењето на истите, раководат спортски директори (кои воедно се и председатели на истата комисија), а во нивно отсаство нивните заменици.

Административниот дел од работата на комисијата го вршат председателите (замениците) на истите, во соработка со заменикот председател на ОАС, односно секретарот на АФМ.

Составот на Техничката комисија и Судиската комисија како и начинот на работа одреден е со деловници и правилници на тие комисии.

Составот на Дисциплинската комисија одредена е со Правилникот за дисциплинска и материјална одговорност.

Составот на Комисијата за безбедност и начионт на нејзината работа одреден е со деловникот за работа и правилниците на Делегатот за безбедност.

Спортските директори се именуваат за следните дисциплини:

1. А01 - Натпревари на кружни патеки
2. А02 - Натпревари на ридски патеки
3. А03 - Авто-рели
4. А04 - Автокрос
5. А05 - Кросскантри
6. А07 - ОАР(оценско авто рели), ОСВ (оценско спретно возење)
7. А09 - Автослалом
8. А10 - Натпревари на забрзување

Спортските директори на сите надлежни дисциплини, ќе сорабоуваат меѓусебно во самите комисии кои се предвидени со шематски распоред на АФМ. Можно е да еден спортски директор застапува во ОАС повеќе различни дисциплини.

За сходно на развојот на авто спортот, ОАС во случај на потреба ќе распише и други дисциплини, ќе именува спортски директори кои ќе раководат со ново основаните дисциплини.

Пилотите и организаторите основаат свои здруженија и именувааат Совет на пилоти, односно Совет на организатори, како посебни тела кои соработуваат со ОАС.

Советот на пилоти ги именува своите представници во сите комисии на ОАС.

Представниците на Советот на пилотите учествуваат во работата на сите комисии без право на глас.

Терминологијата со која ќе се служи ОАС како и сите припаѓачки комисии на ОАС, напишана е и појаснета во Посебниот Додаток на Овој Правилник.

## *ПИЛОТИ, КОПИЛОТИ И НАТПРЕВАРУВАЧИ*

**Член 8.**

Пилоти и копилоти на кои може да им се издадат лиценци се лица постари од 18 (освен за јуниорска лиценца). Лицето на кое му се издава лиценца мора да има положен возачки испит за возач аматер, од најмалку "Б" категорија (освен за јуниорска лиценца), потврда за посетување на семинар или повторување на знаењето за познавање на Правилникот за Авто спорт.

За дисциплината Натпревари на кружни патеки, се препорачува успешно да се заврши првиот степен од школото за спортско возење.

Доколку пилотот има важечка јуниорска лиценца и во тековната години полни 16 години старост, истата му важи до крајот на натпреварувачката сезона во тековната година и мора да поседува изјава од двајцата родители заверена на нотар но не да е помлад од 16 години, а за идната натпреварувачка сезона ќе му се издаде редовна лиценца но со услов да мора да има положен возачки испит најмалку „Б“ категорија.

На натпреварите може да учествуваат само лиценцирани пилоти со важечка лиценца, со важечка полиса за животно осигурување наменета посебно за натпревари, на следните најмали износи: 100.000,00 денари во случај на траен инвалидитет и 50.000,00 во случај на смрт.

Носителите на лиценците подлагаат на сите видови на одговорности: спортска, дисциплинска и материјална.

## *ПИЛОТСКИ И КОПИЛОТСКИ ЛИЦЕНЦИ*

**Член 9.**

Лиценцата е исправа која се издава на пилотот, односно копилотот кои имаат желба да учествуваат во било кое својство во натпреварот или ќе пробаат да постават рекорд регулиран со Правилникот.

Се смета дека носителот на лиценца е запознает со одредбите на Правилникот, така да е должен и да се придржува на истите во текот на натпреварувачката сезона.

Лиценцата може и да се издаде со користење на псевдоними, но никој не смее да користи два псевдонима во текот на иста натпреварувачка сезона.

**Член 10.**

Лиценците се во склоп со одредбите од Додатокт "Л" од "ИСЦ" и се изначуваат со буквите А, Б, Ц, Д. Истите букви го одредуваат и рангот на поедините лиценци.

Пилотските и копилотските лиценци, клубски (Д), национален (Ц), меѓународен ранг (Б), јуниорски како и привремени, ги издава и за нив води евиденција Секретаријатот на АФМ. Лиценци означени со буквата "А" може да бидат издадени од страна на ФИА, а ги поседуваат пилотите кои настапуваат во шампионатите Ф1, Ф3000 како и во светското првенство во картинг.

Привремена лиценца се издава исклучиво со пишана согласност од спортскиот директор и тоа најкасно 7 дена пред заклучувањето на пријавите на натпреварот за кој се бара привремената лиценца.

Ако лиценцата се побара, помеѓу 7. и 3. дена пред заклучување на пријавите на конкретниот натпревар, се плаќа тројна цена за привремената лиценца. Ако привремената лиценца се побара за помалку од 3 дена пред објавата на листата на пријавени, иста нема де се издаде.

Ако е нужно да се изврши проверка на способноста на пилотите пред издавање на привремената лиценца, тоа ќе биде сторено на трошок на пилотот кој го поднел барањето преку својот АК/АКК за издавање на истата. Одредбата се однесува еднакво и за издавање на националната, како и меѓународната привремена лиценца. Проверката не може да се изврши на ден на натпреварот за кој што се бара привремената лиценца, туку тоа мора да се изврши предходно.

Привремената лиценца може да биде најмногу за еден ранг поголема од онаа која што пилотот ја поседува, а има важност само за еден натпревар.

По завршување на натпреварувачката сезона, пилотот кој што не ги исполнил условите од Членот 11. од овој Правилник, не може на темел на привремената лиценца да се стекне со право на издавање на лиценца од повисок ранг. Но настапите со привремената лиценца влегуваат во квота од 10 натпревари во тек на 3 последователни сезони (член 11. став 2),

Привремната лиценца може да се издаде повеќе пати во текот на натпреварувачката сезона на барателот, се разбира доколку истиот ги исполни пропишаните услови.

Привремената меѓународна лиценца може да се издаде и на пилоти кои завршиле и поседуваат доказ од некоја од школите за авто трки или "rally" по услов да участвувале најмалку на една натпреварувачка сезона за националниот шампионат пред барањето за издавање за меѓународна лиценца.

Во дисциплините во кои пилотите настапува во отворен промет не смее да управува со возилото чија сила на моторот поминува повеќе од 75KW (102КС) две години од денот на издавање на возачката дозвола.

Клубска лиценца се ограничува на максимално 2.000 ccm,Група,,Н,, независно од дисциплината и рангот на натпреварот, што подразбира дека пилотската лиценца

за возила до 2000 ccм од другите Групи и возила со поголема зафатнина од 2.000 ccм, за сите Групи ,мора да бидат минимално од национален ранг.

Исклучок се односува на лиценци кои се издаваат за настап во класите во кои несе распишани според ФИА правилниците, конкретно не се однесуваат на класите на сериски автомобили и спринт автомобили (А09).

Пилотските лиценци од клубски ранг за дисциплината А01, може да се издадат на пилоти/лица само доколку успешно ја завршиле проверката на знаењето при комисијата на АФМ, Проверката на знаењето се состои од писмен тест и возење по патека, каде времето на најбрзиот круг може да биде најмногу 30% полошо од просечното време на групата/класата на возила со кое што се полага. Комисијата ја сочинуваат: претставник на Комисијата за судии на ОАС, Спортскиот Директор на дисциплината и пилот носител на лиценца со најмалку национален ранг.

**Член 11.**

Пилоти и копилоти кои немаат лиценца од национален или меѓународен ранг можат да се стекнат со право за нивно издавање ако во предходната сезона постигнале резултати, односно уплатиле пропишана членарина по ценовникот на АФМ.

Лиценцата од повисок ранг ќе се издаде на пилоти и копилоти за тековната година, ако во текот на последните 24 месеци ги оствариле следните резултати:

1. Натпревари на кружни патеки

од 1 до 3 место во класа ако има најмалку 6 пласирани пилоти во класата
од 1 до 3 место во група ако има најмалку 6 пласирани пилоти во групата

2. Натпревари на ридски патеки

од 1 до 3 место во класа ако има најмалку 6 пласирани пилоти во класата
од 1 до 3 место во група ако има најмалку 8 пласирани пилоти во групата
од 1 до 6 место во вкупниот пласман

3. "rally" и други дисциплини

од 1 до 3 место во класа ако има најмалку 5 пласирани пилоти во класата
од 1 до 3 место во група ако има најмалку 8 пласирани пилоти во групата
од 1 до 6 место во вкупниот пласман

Исклучително, лиценца од национален ранг може да се издаде и на пилоти кои не оствариле резултати од предходните ставки, ако имаат најмалку (10) настапи во текот на три последователни сезони во дисциплините за кои поднеле барање.

Лиценцата од национален ранг може да добијат пилоти кои успешно завршиле "II"(втор) степен во школото за спортско возење признаено од АФМ односно го положиле испитот пред комисијата на АФМ.

Останатите поединости кои не се наведени во овој Правилник, а врзани се за лиценците, се применуваат од Додатокот "Л" од "ИСЦ"

**Член 12.**

Одредбите од Членот 11. кои се однесуваат на издавање на лиценци по основ на остварените резултати во вкупниот редослед или групи во шампионатот на Македонија, ќе се применува и на издавање на лиценци по основ на резултатите постигнати во КУП натпреварите во Македонија, за 6 првопласирани, освен за издавање на меѓународна лиценца.

**Член 13.**

Пилотите и копилотите кои поседуваат пилотска лиценца од меѓународен ранг можат да учествуваат на меѓународни натпревари.

Рангот на лиценцата која што пилотот и копилотот мораат да го поседуваат за да би можеле да учествуваат на натпревари кои се организираат на теритирија на

Република Македонија, ќе бидат одредени во додатоците на Правилникот за секоја година и за секоја авто дисциплина.

**Член 14.**

Пилот кој има пилотска лиценца од повисок ранг може да учествува на натпревари од понизок ранг, ако тоа не е забрането со Посебниот правилник на натпреварувањето од понизок ранг.

**Член 15.**

Пилотската лиценца се издава за соодветна дисциплина во авто спортот.

Секоја лиценца издадена од страна на АФМ, мора да имаат ознака на гранката и предброј на дисциплината во автоспортот со која што пилотот ќе се натпреварува. Со лиценцата издадена за една дисциплина, не смее да се настапува на натпревари во друга дисциплина на автоспортот, освен во дисциплините А01 и А02 - една лиценца, односно за дисциплината А03 - една лиценца. Во сите други дисциплини може да се настапува со било каква лиценца. Доколку пилот во дисциплините А01 и А02 има право на лиценци од различен ранг, ќе му се издаде лиценца за секоја дисциплина посебно.

**Член 16.**

Пилотска лиценца се издава по основ на барање од пилот/копилот преку клубот во кој што е регистриран.

Со заверка и поднесување на барањето за издавање на пилотската / копилотската лиценца клубот потврдува дека пилотот / копилотот има извршено обновување на знаењето онака како што е предвидено во Правилникот.

Со барањето потребно е да се достави фотографија, односно исписница од поранешниот клуб, ако пилотот преминува во нов клуб, а до колку е потребно и одобрување од спортскиот директор. Во архивата на АФМ, мора да останат копии од возачката дозвола.

**Член 17.**

Пилотска / копилотска лиценца се издава со ограничен рок на важење од една календарска година.

Барањето за продолжување на важноста се поднесува во период од 1 Јануар до последниот ден на Февруари секоја година, задолжително преку матичниот клуб.

Поединечно издавање на лиценци на пилоти лично, нема да биде возможно.

Во случај да некој сака да важноста на лиценцата ја продолжи по истекување на редовниот рок, се наплатува двојна членарина од редовната која ја одредил Секретеријатот на АФМ. Одговарачкиот износ мора да се уплати на жиро сметката на АФМ.

Цената на лиценцата(членарина) за пилоти може да биде зголемена за вредноста на полисата за осигурување од несреќен случај на натпреварите.

Издавање на прва (нова) лиценца се врши во текот на целата календарска година со наплата на редовната членарина.

Превземањето на пилотските, копилотските, тимските и слични лиценци, можно е само со предочување на копии од уплатниците од кои се гледа износот на вкупната членарина платена за издавање (продолжување) на лиценците.

**Член 18.**

Пилотските / копилотските лиценци се продолжуваат се додека пилотот / копилотот активно се занимава со авто спорт, со исполнување на условите за издавање на лиценца.

Правото на продолжување го губи пилот / копилот ако три години по ред не настапувал на натпревари.

## *РЕГИСТРАЦИЈА НА ПИЛОТИ, КОПИЛОТИ ИНА НАТПРЕВАРУВАЧИ, КАКО И ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦИ*

### Член 19.

Во текот на една календарска година пилот или копилот не може да биде регистриран за повеќе клубови, членки на АФМ.

Во случај да пилотот / копилотот се натпреварува во две или повеќе дисциплини во авто спортот во различни клубови, тој мора да добие писмена согласност од матичниот клуб.

### Член 20.

На копилотите може да им се издаде лиценца од ист ранг како и на пилотите, на истите обрасци, со тоа што покрај натписот "Пилотска лиценца" се допишува посебниот натпис "Копилот".

Копилотите мора да ги исполнуваат истите услови како и пилотите.

Копилотската лиценца се издава на основ на евиденцијата за посебниот редослед на копилоти.

Имателот на пилотска лиценца може да настапува на натпреварите како копилот без посебна копилотска лиценца. Имателот на копилотска лиценца, не може да настапува на натпреварите како пилот.

## *ПРОМЕНА НА КЛУБ ИЛИ ПРИСТАП НА СТРАНСКИ КЛУБ*

### Член 21.

Пилоти и копилоти во автоспортот можат да менуваат клуб само во време од 1. - 31. Јануар секоја година.

На поднесено барање пилот / копилот во терминот од предходната ставка, клубот е должен да достави исписница најдоцна осум дена по поднесување на барањето, до Секретаријатот на АФМ. Ако тоа не го сторат, против одговорната личност и клубот ќе се поведе дисциплинска постапка.

Најдоцна до 01. Фебруари мода да се достави исписницата во Секретаријатот на АФМ каде ќе биде извршена пререгистрацијата. По тој рок веќе нема да може да се одобри преминување на пилот и копилот во друг клуб, освен во случај да клубот за кој е регистриран престане со делување.

Пилот / копилот кој добил исписница од својот клуб, а до 01. Фебруари не е регистриран во нов клуб, може да биде повторно регистриран во текот на годината во клубот кој што му дал исписница.

Регистрација за друг клуб, членка на АФМ во кој пилотот / копилотот ќе се натпреварува со друга дисциплина во авто спортот, може да се изврши во текот на целата година, ако не се натпреварувал во таа дисциплина за матичниот клуб во таа година.

### Член 22.

Пилот / копилот може да премине во било кој друг клуб, членка на АФМ во време на траењето на преодниот рок под услов да поседува исписница од клубот за кој до тогаш бил регистриран како пилот / копилот.

Во случај да пилотот / копилотот е под суспензија или казна, може да премине во друг клуб, но суспензијата или казната мора да ја одработи до крајот и во новиот клуб.

Во случај да на матичниот клуб во кој пилотот бил регистриран од некоја причина му престанало членството во АФМ, пилотот може да премине во друг клуб во текот на сезоната без исписница .

Во исписницата мора да бидат назначено дека пилотот нема никакви спортски материјални ниту какви други обврски кон клубот од кој си оди и дека може да премине во друг клуб по сопствен избор.

Во случај да матичниот клуб одбие да издаде исписница, која пилотот / копилотот ја побарал за време на преодниот рок, поради несогласување на пилотот / копилотот во поглед на материјални обврски настанатиот спор ќе го реши арбитражната комисија при АФМ која ја именува УО на барање на пилотот / копилотот, односно клубот.

Крајниот рок за донесување на одлуката од Арбитражната комисија е 30 дена од денот кога е примена жалбата во Секретаријатот на АФМ.

Договорот помеѓу пилотите и клубовите мора да се договори со важност до 31 Декември од одредената година, без обзир на датумот на потпишување на договорот.

**Член 23.**

Пилотите / копилотите, Македонските државјани спред пасошот, кои сакаат да пристапат на некој странски национален клуб(АСН), мора да имаат исписница од својот поранешен клуб за кој биле регистрирани а воедно и согласност од АФМ.

За време на поседување на лиценца од странски национален клуб пилотот или копилотот македонски државјанин според пасош, не може да има и лиценца од АФМ. Меѓу тоа со лиценцата на странскиот АСН можат да настапат но не и да бидат бодувани за шампионатот на РМ, со предходно поднесено писмено барање до АФМ, издадено одобрение од страна на АФМ (одобрението го издава ОАС на АФМ), како и да се доставаат копии од лиценците на страниот АСН пред настапот на било кој натпревар во Р.Македонија.

**Член 24.**

Страни државјани кои сакаат да пристапат на некој клуб членка на АФМ, мора да имаат согласност од својот национален сојуз (АСН). Таа согласност мора да содржи податок за рангот на лиценцата, која ја поседува пилотот или копилотот. По основ на тоа, ОАС ќе му издаде лиценца на истот или приближно ист ранг, освен за меѓународни лиценци кои се издават според прописите на **ФИА**.

**Член 25.**

Никој кој од својата национална асоцијација добил дозвола за поднесување на барање за добивање на лиценца од друга национална асоциација (АФМ), не може да ја задржи лиценцата од својата национална асоцијација за тековната година.

Ако од некои посебни причини носителот на лиценцата сака да ја смени националноста на својата лиценца во текот на тековната година тој тоа може да го стори само по добивање на согласност од својата национална асоцијација и со враќање на својата стара лиценца на неговата поранешна национална асоцијација.

АФМ може да издаде лиценца и на странец кој припаѓа на земја која сеуште не е членка на **ФИА** но под услов веднаш да ја извести **ФИА** за таквата намера. Во тој случај **ФИА** ќе ја извести АФМ дали постојат причини поради кои таква лиценца не би можело да се издаде. АФМ исто така е должна да ја извести **ФИА** во случај на одбивање за издавање на лиценца на стран државјанин од страната на АФМ.

Странски државјанин носител на лиценца на АФМ може да настапи за репрезантацијата на Р. Македонија.

## *УСЛОВИТЕ ЗА ЕКИПИТЕ*

**Член 26.**

Посадите и пилотите можат да се групираат и да се натпреваруваат за екипи за секоја натпреварувачка сезона.

Екипните лиценци се издаваат само на правни субјекти членки на АФМ кои се сметаат за носители на екипните лиценци.

- Екипните лиценци се издаваат по основ на доставено писмено барање на пропишан образец во текот на целата календарска година со важност до крајот на тековната година за која е издадена.
- При поднесување на барањето за издавање на екипни лиценци, поднесителот на барањето мора да приложи писмена согласност од сопственикот на името под кое ке се натпреварува екипата.
- За екипните лиценци се наплаќа соодветна чланарина која се одредува секоја година од страна на ОАС на АФМ.
- Правото за настап на пилот / копилотите на одредена екипа може да се оствари само во пишана согласност од неговиот матичен клуб.
- Специфичноста на поодделната дисциплина со додаток на истата.

Сите членови на екипите мора да се пријават во секретаријатот на АФМ каде што се издава екипната лиценца. Секоја екипа може да пријави најмоногу три а најмалку два пилот преставник на поедина екипа при издавање на лиценцата.

Дозволено е и дополнителено пријавување на пилот во текот на целата натпреварувачка сезона во поединечна екипа. Меѓу тоа, само во случај да тој пилот до тој момент не е член на ниту една друга екипа во таа сезна, а екипата во која што би требало да биде член, не пријавила предходно три пилота.

Во случај да екипата име веќе три пилоти пријавено во мини преодниот рок, можно е да се изврши промена на членовите на екипата. Во таа прилика е задолжително да се уплати чланарина иста како за издавање на нова лиценца на почетокот на натпреварувачката сезона.

Секретаријатот на АФМ ќе го објави списокот на екипите со имињата на сите пилоти кои настапуваат за истите, на “**web**” страницата на АФМ.

На самите натпреварувања, задолжитеолно е да се пријават екипите со соодветен образец и уплатена чланарина (стартарина).

На првата седница на жири (на соодветната дисциплина од натпреварот), односно на втората седница на жири (на А01, А02 и А09 натпревари), во записникот мора да бидат впишани екипите со целосен назив со бојот на лиценцата и стартните броеви на пилотите кои ќе настапат за нив.

Редоследот на екипите на поодделни натпреварувања се одредува по основ на збирот на бодови кои ги имаат освоено пилотите во своите класи, односно во генералниот пласман во куповите и генералниот пласман на посадите кои се членови на пријавените екипи.

Во случај на ист број на бодови на поединечните натпреварувања, или на крајот на натпреварувачката сезона, подобар резултат се смета според одредбите на членот 88 пропишани во овој правилник.

Обврска на сите организатори е на пријавите, стартните листи и резултатите, да назначи покрај името на пилотот / копилотот, припадноста на клубот и екипата.

Да на поединечни натпреварувања би можело да се бодува екипно првенството на РМ потребно е на еден натпревар да има пријавено најмалку три екипа и на крајот од сезоната да има три екипи со освоени бодови. Се собираат сите освоени бодови во текот на натпреварувачката сезона.

Во текот на натпреварувачката сезона дозволено е преоѓање на пилотите од една во друга екипа само во време од 01.07 до 10.07 (мини преоден рок).

## *УСЛОВИ ЗА ЕКИПИТЕ НА КЛУБОВИ*

**Член 27.**

Натпреварувачка лиценца ( клубска ) се издава на клубот кој е член на АФМ.

Да на поединечни натрпреварувања се добие збир на позитивни бодови на клубовите не е потребно да се пријавуваат екипи на клубови.

Бодовите од тројцата најдобро пласирани пилоти (Екипи) од еден клуб, освоени по класи, без оглед на тоа кој е во која класа (Група), ќе бидат собрани на тој начин ќе се добие редоследот на екипите на клубови.

Бодовите од најдобро пласираните пилоти од еден клуб се и бодови на клубот.

Клубовите се бодуваат на секое натпреварување без оглед на бројот на клубови учесници на натпреварот, така да на крајот на натпреварувачката сезона се прогласува најуспешен клуб по основ на збирот на сите освоени бодови на натпреварите во текот на натпреварувачката сезона.

## *ПРИЈАВУВАЊЕ НА ПИЛОТИТЕ НА НАТПРЕВАРОТ*

**Член 28.**

Пилот / копилот и натпреварувачи, се пријавуваат за учество на натпреварувањата во роковите пропишани од страна на организаторите во посебниот правилник за натпреварот.

Пријавата за натпреварување важи само со уплатена чланарина, пропишана за секоја од дисциплините посебно во Додаткот на овој Правилник – надоместоци и Гаранции.

Доколку организаторот го сврсти поединиот пилот / посада на листата на пријавени, а не примил уплата на чанарината, може да се смета дека е тоа сторено со добра намера со одредено ветување на пилотот / посадата.

При приготвување на задолжителната Полиса за осигурување на трети лица, организаторот како основа го користи бројот на сите кои се наоѓаат на Листата на пријавени.

Во случај на годишно договорена Полиса за осигурување која ја направил АФМ, организаторот ја плаќа Полисата за осигурување во целост според Листата на пријавени пред почетокот на натпреварот.

Пријавите се поднесуваат на пропишаниот начин до АФМ или на посебен образец доставен од страна на организаторот на секој поединечен натпревар.

Пилотите и копилотите можат поединечно да настапат во странство или во составот на репрезантацијата на Р.Македонија.

Спортските директори од поедините дисциплини го составуваат предлогот за членови на репрезентацијата кој го потврдува ОАС (во сличај да правилниците на **ФИА** предвидуваат настап на репрезентација).

За личен настап во Р.Македонија кој не се во системот на натпревари на АФМ и за настап во странство пилотите и копилотите бараат дозвола за настап од ОАС преку својот матичен клуб.

Во барањето треба да се наведе името на натпреварот, рангот,место, земја, и дата на одржување на натпреварот, возило со кое ќе се настапи како и име и презиме на пилотот и евентуално копилотот.

Дозволата за настап во странство се издава на посебен образец.

**Член 29.**

Поднесувањето на пријава од пилотите и копилотите и натпреварувачите како и прифаќање на пријавата од страна на органиозаторот на натпреварот, пилотите, копилотите и натпреварувачите се стекнуваат со службен статус учесник

на натпреварот, што од тој момент настануваат взаемни права и обврски кои се должни да ги извршуваат како пилотите, копилотите и натпреварувачи, така и организаторите.

Се овозможува пријавување на сите натпревари во натпреварувачката сезона со една пријава, кое мора да биде извршено најдоцна 15 дана пред почетокот на првото натпреварување. Оваа можност оставена е во дисциплините кои ќе го овозможат тоа со посебна регулатива во Додатоците на овој Правилник.

Пилотите, копилотите и натпреварувачите кои се прифатени од верификационата и техничката комисија на организаторот должни се да учествуваат на натпреварот.

Одбивање на настап без оправдани причини од страна на пилотите, копилотите и натпреварувачите во смисла на предходната ставка ќе се смета за бојкот и истото подлага на дисциплинска одговорност.

**Член 30.**

Организаторите на натпреварите за Првенството на Р.Македонија се задолжуваат да најдоцна во рок од 5 дена по завршување на натпреварот да достават, на Спортскиот Директор од дисциплината и на организаторот на следниот натпревар попис на пилотите, копилотите и натпреварувачите кои не навремено го откажале настапот на натпреварот, а организаторот на последниот натпревар го достави на Спортскиот Директор од дисциплината и на Секретаријатот на АФМ кои ќе го достават на првиот организатор на натпревар во наредната календарска година.

На организаторот кој нема да постапи во смисла на предходниот став, секретаријатот на АФМ ќе наплати парична казна.

Одговорните лица од страна на организаторите на натпреварите кои ги немаат исполнето своите обврски (секретарот на натпревар) ќе одговара дисциплински.

Одговорното лице (Секретар на натпреварот) на организаторот на следниот натпревар ќе биде дисциплински казнет ако на натпреварот, и покрај предупредувањето, ги прими пилотите и копилотите кои на предходниот натпревар не се одјавиле. Се укинува обврската за плаќање на казна за одјавени пилоти.

**Член 31.**

Организаторот на секое натпреварување е должен да обезбеди и во поесебниот правилник да објави број на телефон, телефакс, како и лице кое може службено да ги прима и дава сите потребни известувања во врска со натпреварот.

Овој телефон ќе го користат сите пилоти, копилотите и натпреварувачите, тимови, судии и новинари од денот на издавањето на Посебниот Правилник, па се до службеното завршување на натпреварот (по завршување на доделувањето на наградите).

**Член 32.**

Пилотите, копилотите и натпреварувачите кои тргнале кон натпреварувањето поради објективни причини не се во можност да пристигнат на верификацијата и техничкиот преглед, должни се да се одјават од натреватрот на тел. број кој е објавен во посебниот правилник.

Најдоцна до почетокот на работа на последната седница на жири на натпреварот, задолжително треба да достават писмена одјава.

Пилотите, копилотите и натпреварувачите кои навремено се одјавиле од настапот, дозволен им е настап на наредниот натпревар без плаќање на казна.

Пилотите, копилотите и натпреварувачите кои нема да ги исполнат условите од првите две ставки на овој член ќе бидат парично казнети на верификацијата на наредниот натпревар.

## *СУДИИ ВО АВТО СПОРТОТ*

**Член 33.**

Судиите во авто спортот се стекнуваат со квалификација во согласност со планот и испитната програма за стекнување на статус-судија во авто спортот,според правилникот за полагање на испити за судии.

За категории на судии кои имаат специфични задачи како што се главен судија на кривина, секретар на натпреварот, водител на верификацијата, директор на натпреварот, помошник директор за врски, председател на жири и водител на техничката комисија на организаторот, Комисијата за судии и Техничката Комисија на АФМ имаат припремен посебен судиски годишен програм за обнова на знаењето,без кој е невозможно да се вршат наведените должности на натпреварите.

Во текот на извршување на должноста на натпреварот судиите се должни да поседуваат и носат важечка лиценца.

Судиите, носители на важечка лиценца од било која дисциплина од авто спортот имаат право на безплатен влез на сите авто натпревари во Р. Македонија.

Начинот на остварување на правото на безплатен влез организарторот ќе го одреди во посебниот правилник.

Не придржување на одредбите од овој член од страна на организаторот повлекува дисциплинска одговорност на секретарот од тој натпревар.

Судиите во авто спортот можат да менуваат клуб само во време траењеод 01 до 31. Март во тековната година.

На поднесено барање во терминот од предходниот став, клубот е должен да достави исписница најдоцна 7 дена од поднесување на барањето до секретаријатот на АФМ. Ако тоа не го сторат против одговорните лица и клубот ќе се поведе дисциплинска постапка.

Најдоцна до 01 Април мора да се смени регистрацијата во секретаријатот на АФМ, по што веќе нема да може да се одобри преодот на судијата во друг клуб, освен во случај да клубот во кој е регистриран престанува со работа.

Судијата кој добил исписница од својот матичен клуб а до 01. Април не е регистриран за нов клуб може во текот на годината да биде повторно регистриран за клубот кој што му ја има издадено исписницата.

Во случај кога се сака да се продолжи важноста на судиската лиценца и по последниот ден во Април, ќе се наплати двоен износ од редовниот износ кој што го наплаќа секретаријатот на АФМ. Потребниот износ мора да се уплати на жиро сметка на АФМ.

Цената на лиценцата за судии може да биде зголемена за цената на полисата на осигурување од несреќен случај на натпреварот.

Судиската активност на натпреварите се контролира низ сочинување на задолжителни пописи на судиите на натпреварот, со назначена функција која ја извршувал судијата на истиот.

Секој организатор е должен да достави во Сакретаријатот на АФМ предметни пописи и тоа најдоцна 4 дана од денот на завшувањето на натпреварот во електронска форма, а комисијата за судии преку Сакретаријатот на АФМ води вкупна евиденција на работата на судиите на натпреварите.

На крајот на годината предметната евиденција ќе и послужи на Комисијата за судии во проценката на активностите на судиите и можноста за нивно евентуално напредување.

Се воведува обврска за годишен рефрешинг-обнова на знаењето за сите судии кои тоа не го оствариле со други судиски програми.

За извршените рефрешинзи, организаторот на истите води евиденција за секој учесник и го доставува до Секретаријатот на АФМ во електронска форма најкасно 7 дена од денот на завршување на рефрешингот.

Секретаријатот на АФМ нема да им ја продолжи важноста на лиценцата на ниеден судија кој по некој основ не го извршил рефрешингот во тековната година.

Конечниот рок за организација и спроведување на рефрешингот се утврдува со датумот до 01. Март во тековната година.

Доколку се случи да натпреварот се одржува пред достапната евиденција од рефрешингот (посебно се однесува на сите главни судии на кривина, секретарите на напревар, водителите на верификацијата, директорите на натпревар, председателите на жири и водителите на ТКО), организаторот во тој случај сиот судиски кадар за спроведување на натпреварот посебно го договара со Комисијата за судии, која по основ на својата евиденција ќе потврди попис на сите судии на натпреварот и ќе го завери делот од Посебниот Правилник кој се однесува на предметното.

## *НАДЗОРНИ СУДИИ*

**Член 34.**

Пишаниот извештај од пооделните натпреварувања под надзор на АФМ се доставува во секретаријатот на АФМ или до спортскиот директор на дисциплината или на некој друг спортски судија назначен од страна на ОАС на АФМ.

## *ДОЛЖНОСТИ НА НАДЗОРНИТЕ СУДИИ ( ДЕЛЕГАТ ) НА НАТПРЕВАРОТ*

**Член 35.**

Надзорниот судија(делегатот) на натпреварот должен е:
- да се јави на директорот на натпреварот пред техничкиот преглед и верификација
- да изврши преглед на целокупната документација која организаторот мора да ја поседува
- заедно со директот на натпреварот да ја прегледаат патеката (освен за рели натпреварите), да ги утврди недостатоците, должен е да го предупреди директорот на натпреварот и да побара да воочените недостатоци бидат одстранети.

Ако воочените недостатоци кои влијаат на пилотите и гледачите не бидат одстранети должен е да го одложи почетокот на натпреварот или да го забрани истиот.

Писменото одобрение кое го издава делегатот на АФМ за натпреварот на организаторот на натпреварот значи дека патеката е припремена според правилата и одредбите од записникот за лиценцирање на патеката и натпреварот ќе може да се одржи.

Ова исклучиво се однесува за припрема на патеката и заштитната зона за гледачите, а не се однесува на бројот и работата на редарската служба и службата за сигурност на гледачите.

За тоа грижа води лицето задолжено за безбедност.
- на организаторот на натпреварот му се издава писмено одобрение, одложување или забрана за одржување на натпреварот
- Да се врши контрола дали натпреварот се одвива според важечките правилници.
- проверува дали судиите и службените лица имаат соодветна важечка лиценца.
- Во случај на спреченост на доаѓање на натпреварот должен е да го извести организаторот и да именува друга личност кој ќе го замени.

Така да именуваниот надзорен судија(делегат) мора да има соодветна стручност (специјалистчки испит за сектетар на натпревар и директор на натпревар) - да помогне со совети на сите учесници на натпреварот.

- ги контролира сите судии на натпреварот, да воочи евентуални грешки ги опоменува, не ли сакаат да ги исправат грешките делегатот е задолжен да ги превземе сите мерки според правилниците на АФМ.

- во своето известување должен е да истакне имиња на оние судии кои се истакнале во извршување на својата работа но исто така да се истакнат и имињата на судиите кои не задоволиле со својата работа на натпреварот.

- воочените недостатоци на натпреварот е должен да ги пријави на ОАС најдоцна до 72 часа по завршување на натпреварот.

Освен тоа, должен е да пред поаѓање на натпреварот, да подигне во АФМ, во договор со секретарот, материјалите кои треба евентуално да ги достави до организаторот на истиот натпревар (знамињата на АФМ, знамињата на главниот покровител и сл.).

Надзорниот судија(делегатот) на натпреварот должен е во рок од три дена а во случај на барање за покренување на дисциплинска постапка во рок од 48 часа по завршување на натпреварот своето писмено известување на пропишаниот образец во два примероци го достави до секретаријатот на АФМ.

Со известувањето како прилог се доставуваат сите записници од спроведениот натпревар и сите резултати, стартна листа, програма на натпреварот како и оценка за натпреварувањето.

Примерок од извештајот со оценка на натпреварот се доставува преку секретаријатот на АФМ, на организаторот на натпреварот кој има право најдоцна во рок од 7 дена да вложи приговор, кои преку сектртаријатот на АФМ се доставува до делегатот на АФМ.

Во случај да по приговорот делегатот на АФМ остане при својата оценка и ставови, организаторот може со уплата на членарина предвидена со (членарините и гаранциите) на АФМ приложи жалба на оценката на натпреварот која ја решава ОАС, чија што одлука е конечна.

Ако на натпреварот имало инциденти или други направилности, надзорниот судија(делегатот) мора да ги впише во својот извештај и за истите да даде свое мислење.

Посебна евиденција води за штетите настанати на трети лица на натпреварот, те во прилог на секое извстување да го евидентира предметното.

Должност на надзорниот судија (делегат) на АФМ и должноста претседател на жири не можат да ја извршуваат оние спортски функционери кои се членови на клубовите организатори, соорганизатори или технички организатори на предметниот натпревар.

## *ДОЛЖНОСТИ НА СПОРТСКИОТ ДИРЕКТОР НА ДИСЦИПЛИНАТА*

### Член 36.

Спортскиот директор е одговорен за спроведување на програмата на АФМ во дисциплината на авто спортот за која е задолжен.

Спортски директор:

- го предложува додатокот на овој правилник за секоја натпреварувачка сезона.

- го усогласува и го предлага календарот за поедината дисциплина.

- предлага на комисијата за судии попис на можните председатели на жири кои ОАС на почетокот на натпреварувачката сезона ги објаува на службената **web** страница на АФМ (огласна табла).

- го следи одвивањето на натпреварите преку целата натпреварувачка сезона.

- ги координира измените во календарот на натпревари и дава согласност за накнадно пријавени натпревари во календарот.

- ја извршува должноста селектор на репрезентацијата на Р.Македонија (ако таква постои), во дисциплината на авто спортот со која раководи како спортски директор.

- по основ на поединечните тимски и екипни резултати од секое натпреварување, ги објавува вкупните резултати од првенството на Р.Македониа во дисциплината на авто спортот за која е задолжен.

- ги заверува посебните правилници на натпреварите.

- ја следи и ја оценува работата на сите судии на натпреварите, го составува пописот на најспособните судии, како би имал за наредната натпреварувачка сезона увид на (кандидати), за најодговорни должности, и истите ги доставува до комисијата за судии.

- член е на една од комисиите на ОАС на која припаѓа неговата дисциплина и со останатите членови од комисијата задолжен е за поставување на поставените задачи.

Делот од своите овластувања може да ги пренесе на останатите членови од својата комисија или на членовите на ОАС кои донесуваат конечни одлики.

Спортскиот директор не може да се натпреварува во дисциплината во која ја врши должноста спортски директор.

Заменикот на Спортскиот директор:

- одговорен е со Спортскиот Директор за спроведување на програмата на АФМ во дисциплините на автоспортот за која е задолжен.

- работата во комисијата како и соработката со Спортските Директори активно делува во изработката на правилниците и спроведување на истите на натпреварите

- го следи одвивањето на натпреварите во текот на натпреварувачката сезона на која е упатен од страна на ОАС

- може да заверува Посебни Правилници за натпревари

- кога е на натпревар во функција на Делегат ја следи и оценува работата на сите судии на натпреварот, го составува пописот на најспособни како би за следната натпреварувачка сезона имал увид (кандидати), за најодговорните должности, и истиот го доставува до Комисијата за судии.

- член е на една од Комисија на ОАС на која припаѓа неговата дисциплина и со останатите членови на таа комисија задолжен е за извршување на поставените задачи.

Дел од своите овластувања може да ги пренесе на останатите членови на својата комисија или на членовите на ОАС кои донесуваат конечни одлуки.

## *ЖИРИ (СПОРТСКА КОМИСИЈА ) НА НАТПРЕВАР*

### Член 37.

Жирито за националниот натпртевар раководи со натпреварот во име на организаторот.

Организаторот предлага два члена од жирито.

Жирито се состои од најмалки три члена од кои најмногу еден може да биде од редовите на организаторот или техничкиот реализатор на натпреварот, додека другите двајца мора да бидат од други клубови.

Членовите на жирито мора да имаат спортска функционерска лиценца најмалку од национален ранг.

Пред почетокот на натпреварувачката сезона Комисијата за судии, користејќи ја судиската архива на АФМ, оценките и запазувањата на надзорните судии(делегатите) на натпреварите како и сите останати достапни документи кои ја

следат работата на судиите на натпреварите и ќе го состават пописот на најстручни судии за вршење на должност на директор на натпревар и председател на жири, како и ќе организира за нив рефрешинг, според Правилникот за судии и посебниот судиски програм за директори и председатели на жири.

Председателите на жирито и директорите задолжително мора да бидат од пописот на судии кои положиле, специјалистички испит за директор на натпревар.

Пописот за потенцијални кандидати за пристапување на посебниот судиски програм за директори и председатели на жири го изработува комисијата за судии, од пописот на судии специјалисти за директори, по основ на размислувањата и оценката на Спортските Директори, како и евиденцијата за досагашната работа.

ОАС по основ на се наведено ќе одреди попис на директори на натпревари и председатели на жири.

Пописот ќе биде објавен на **web** страницата на АФМ и секој од организаторите ќе мора од предметниот попис да одбере минимално едно име од пописот на директори и минимално едно име од пописот на председатели на жири.

Останатите членови ги бира организаторот според условите од став 1 на овој член.

По заверката на Посебниот Правилник на поедино натпреварување, организаторот е должен лично да контактира со избраните судии.

Оставена е можност да ОАС ги одреди Председателите на жири на поедини натпревари.

Кога натпреварите се од меѓународно составно значење, тогаш составот на жирито ќе биде одреден со Посебниот Правилник на тој натпревар, а во склоп со одредбите од ИСЦ, со задолжителна консултација со Спортскиот Директор од предметната дисциплина.

Ако натпреварувањето е од отворен меѓународен карактер, тогаш во составот на жирито влегуваат и застапници од националните сојузи со овластување од својот сојуз, а АФМ го застапува минимално еден судија од пописот на председатели на жири.

Почеткот на работата на жирито, се смета еден саат пред програмата предвидена со почеток на приемот на возила.

Се препорачува работа на жири-(спортската комисија на натпреварот)да се одива по пат на преносен компјутер.

**Истите председателот и членовите си ги обезбедуваат сами.**

Жирито ги има сите права и обврски одредени со ИСЦ:

- жирито одлучува за видот на казната во случај на кршење на правилата.

- жирито одлучува за покренување на дисциплинска по основ на предлог на директорот на натпреварот или водителот на ТК, така да ја поднесува дисциплинската пријава преку секретаријатот на АФМ.

- жирито може во посебни случаеви да го смени посебниот правилник за натпреварот.

- жирито може во случај на одржување на натпреварот да го смени редоследот или бројот на трките.

- жирито може да прифати или да одбие исправки кои ги предлагаат судиите на патеката.

- жирито може да одреди казна или глоба.

- жирито може да изрече и исклучување.

- жирито може да го смени редоследот на натпреварот.

- жирито може да забрани настап на натпреварот на било кој пилот или возило за кој што смета дека е опасен или ако од директорот на натпреварот добиле известување дека истото е опасно.

- жирито може да исклучи од една трка или од целиот натпревар било кое пријавено лице или пилот за кој тие сметаат, односно за кое им е јавено од

директорот на натпреварот или од организациониот одбор дека не е овластено да настапи на натпреварот, кого го сметаат крив поради лошото однесување или неисправно донесени одлуки.

- жирито може да нареди одстранување од патеката или објектот на било кое пријавено лице или пилот кое што ги одбива наредбите на надлежните службени лица.

- жирито може да го одложи натпреварувањето во случај на виша сила или од озбилни сигурносни причини.

- жирито може да ја смени положбата на стартната линија и целната линија по основ на барање на директорот на натпреварот или организаторот со што би се обезбедила поголема сигурност на пилотите, натпреварувачите и гледачите.

- жирито може по потреба да постави еден или повеќе заменици, а посебно во отсуство на еден или повеќе членови на жирито, кога е задолжителна присатност од три членови на жирито.

- жирито може да донесе одлука за прекин на трката.

- жирито има право на недисциплинираните пилоти да одреди и наплати парична казна во износ во согласност на одредбите на АФМ.

Висината на паричната казна зависно за секој поединечен случај, ја одредува самото жири.

На таква парична казна не постои можност за приговор.

По решавањето на евентуалните приговори жирито незваничните резултати ги прогласува за официјални, ги објавува тие конечни резултати, а дури по завршување на свеченото прогласување на резултатите и доделувањето на наградите, престанува со работа.

Должност на председателот и членовите на жирито на натпреварот не може да ги извршуваат претседателите на комисиите на Куповите, односно членовите на спортските комисии на Куповите, ако тие Купови настапуваат на предметното натпреварување.

## *ДОЛЖНОСТИ НА ДИРЕКТОРОТ НА НАТПРЕВАРОТ*

**Член 38.**

Директорот на натпреварот може да ја извршува и должноста на секретар на истиот натпртевар, а може да има и неколку заменици и помошници.

Натпреварувањето ако се состои од неколку одвоени трки (рели), за секоја трка може да биде одреден посебен директор.

Мора да биде судија со лиценца од национален ранг со положен специјалистички испит за директор на натпревар а задолжително да се наоѓа на листата на судии која еднаш годишно ја издава комисијата за судии во авто спорт, како и да имаат завршен годишен рефрешинг по посебната судиска програма за директори и председатели на жири.

- Задолжен е да ги спроведува одлуките од жирито на натпреварот.
- Одговорен е за одржување на натпреварот според службениот програм.
- Дплжен е да соработува со редарската служба и да се грижи за редот во тек на натпреварот.
- Дплжен е да врши контрола дали сите службени лица се на своите места, и нивното несоодвето работење го пријави на жирито.
- Дплжен е да се грижи за правовремено спроведување на информации до сите службени лица.
- Дплжен е да ги контролира сите пилоти (посади) и нивните возила, за да го спречи секој исклучен пилот (посада) да продолжи со натпреварот.
- Да контролира дали секое возило има идентичен број со пријавата како и да ги подели во соодветна група и класа со содветниот пилот од пријавата.

- Да пренесе на жирито секој предлог во врска со сите измени од програмата.
- Да го извести жирито за секакво кршење на правилата од страна на пилотите и судиите.
- Може да изрече парична казна во висина од 50 до 200 евра. за секоја казна задолжен е да го извести жирито на натпреварот кое казната ќе ја потврди или измени но не помала од изречената.
- Мора на секој учесник на натпреварот на кој тој во својство на директор му изрекол казна на истото натпреварување, во пишана форма да ја даде својата одлука, како секој казнет учесник би имал прилика да поднесе приговор до жирито во склоп со одредбите од овој правилкник.
- Да прима приговори и веднаш истите да ги проследи до жирито за понатамошна постапка (мора да биде на располагање на пилотите за време траење на времето предвидено за вложување на приговор или жалба, на местото каде што е предвидено со посебниот правилник).
- Да го обезбеди извештајот од мерачите на време, од лицата задолжени за тех. преглед, од судиите на патеката како и другите службени информации потребни за одвивање на натпреварот или пак за изработка на резултатите.
- Лично или со секратарот на натпреварот да ги припреми сите податоци неопходни за изработка на завршниот извештај, како би го предал на жирито за усвојување.

Се препорачува да должноста директор, делегат или член на жири на пооделните натпреварувања не може да ја извршува оној спортски функционер чии член или членови од потесното семејство настапуваат на истиот.

Директорот на натпреварот може да извршива и должност водител на мерна служба и службата на пресметување на резултати и обработка на податоци, доколку за тоа поседува соодветна лиценца.

## *ДОЛЖНОСТИ НА СЕКРЕТАРОТ НА НАТПРЕВАРОТ*

**Член 39.**

Секретарот на натпреварот го одредува организаторот на натпреварот.

Мора да поседува минимално лиценца од национален ранг со положен специјалистички испит за директор или за секретар на натпревар, задолжително да биде од листата на судии кои еднаш годишно ја издава комисијата за судии при ОАС.

Пред почетокот на натпреварувачката сезона Комисијата за судии, користејки ја судиската архива на АФМ, оценките и запазувањата на надзорните судии (делегате)на натпреварот како и сите останати достапни документи кои ја пратат работата на судиите на натпреварот и ќе го состават пописот на најстручни судии за вршење на должностите секретар на натпревар како и ќе организираат за нив рефрешинг според Правилникот за судии и посебниот судиски програм за секретари на натпревар.

Секретарот на натпреварот е одговорен да веднаш по поднесување на барањето за одобрување на натпреварот да ги превземе сите потребни дејствија за организација на натпреварот за изработка и доставување на посебниот правилник, ангажирање на сите служби и осигурување на сите потребни материјални средства за потреба на натпреварот (вклучувајки ги паричната надокнада за пилотите и службените лица).

Секретарот може комплетната припрема за натпреварот да ја направи во електронска форма и даги спреми сите документи за спроведување на неговите задачи на натпреварот по пат на компјутер.

Во овој случај задолжително е предметното да се впише во Посебниот правилник за натпреварот,како би можеле сите службени лица да се подготват за

таков начин на работа, (потребен е преносен компјутер за сите кои учествуваат во работата на спортската комисија на натпреварот посебно за членовите на жирито-спортската комисија).

Одговорен е за службените преписки.

Во текот на натпреварот, му помага на директорот во сите работи за што поуспешно водење на натпреварот.

По завршување на натпреварот е одговорен за доставување на службените резултати и записниците од жири комисијата на секретаријатот на АФМ, и на сите клубови учесници на натпреварот должен е да им достави резултати.

Должен е да ги уплати на жиро сметка на АФМ паричниот износ од евентуално наплатените казни или најавените приговори, најкасно во рок од три дена по завршување на натпреварот.

Не придржување на било која одредба врзана со секретарот на натпреварот, пропишана со овој правилник или неговите додатоци секретарот на натпреварот подлежи на дисциплинска одговорност.

Извршува и други работи според одлуките од жирито на натпреварот.

Секретарот на натпреварот може да извршува и должност на водител на сектерaријатот на натпреварот, водитела на верификација, должност водител на мерна служна и слижбата за пресметување на резултатите и обработка на податоците, доколку за тоа поседува соодветна лиценца.

## *ДОЛЖНОСТИ НА ТЕХНИЧКАТА КОМИСИЈА ( ТК )*

**Член 40.**

Техничката комисија на организаторот ја извршува својата должност според одредбите на техничкиот правилник за авто спорт и неговите додатоци.

Предлогот на пописот на кандидати за водители на ТКО и помошниците, го изработува Техничката Комисија на ОАС, почитувајки ја стручната оспособеност, ангажманот на натпреварите, мислењето и оценката на надзорниот судија(делегатот), како и евиденцијата за досегашната работа.

ОАС на основ на се наведено ќе одреди попис на водители и помошници на ТКО по дисциплини. Комисија за судии предметниот попис ќе го објави на **web** страницата на АФМ пред натпреварувачката сезона.

Организаторите при изработка на Посебниот Правилник на натпреварот, бираат од објавениот попис на помошници на ТКО за натпревари.

Водителот на ТКО на натпреварот го одредува ТК на ОАС.

По заверката на Посебниот Правилник должни се лично да ги контактираат избраните судии.

Помошниците на ТКО должни се за доставување на комплетната опрема за работа на натпревар.

Должноста на водителот на ТКО на натпреварите, не можат да ја вршат ТКО на Куповите, ако тие Купови настапуваат на предметниот натпревар.

Водителот на ТКО на натпреварот не може да врши други должности.

## *ДОЛЖНОСТИ НА ВЕРИФИКАЦИОНА КОМИСИЈА*

**Член 41.**

Комисијата за верификација на секое натпреварување ја раководи водителот кој мора да биде спортски функционер со најмалку национален ранг со положен специјалистички испит за директор на натпревар или секретар на натпревар.

Ја врши проверката на сите документи потребни за пилотот и копилотот и потребните документи за одржување на натпреварот, пред и ако се потребни за време и по натпреварот.

Во врска со своите наоди поднесува известување на директорот на натпреварот поради донесување на потребни одлуки (во пишана форма).

Спортските функционери за верификација ги одредува организаторот од неговото членство или од комисијата за судии.

Приемниот или акредитираниот секретаријат е должен да обезбеди пропусници (акредитации) на сите службени лица, на пилотите (1), на сите судии, на организаторите на купови(5), на натпреварувачите (1), на механичарите (2), на новинарите и на фоторепортерите.

Барањето за акредитација мора да биде доставено до приемниот или акредитациониот секретаријат.

Организаторот е должен да обезбеди пропусници за членовите на УО на АФМ и ОАС на АФМ, доколку се присатни со задолжителна нивна акредитација.

Водителот на верификацијата може да врши должност и водител на мерната служба, како и во службата за пресметка и обработка на податоци доколку за тоа поседува соодветна специјализација.

## ДОЛЖНОСТИ НА СУДИЈАТА СТАРТЕР И ФИНИШЕР

**Член 42.**

Судиите за старт и цел ги обезбедува организаторот на натпреварот од неговото членство или од комисијата за судии.

Спортските судии на стартот и целта можат да употребуваат механички или електронски помагала за давање на сигнал за старт или за потврдување на пристигнувањето на целта. Со директорот на натпреварот се во стална комуникација.

## ДОЛЖНОСТИНАСЛУЖБАТА ЗА МЕРЕЊЕ НАВРЕМЕ И ИЗРАБОТКА НА РЕУЛТАТИ

**Член 43.**

Služабата за мерење на време и изработка на резултати, ја обезбедува организаторот на натпреварот од пописот на лиценцираните служби кои секоја година ги објавува ОАС на предлог на комисијата за судии или лиценцирани странски служби на странска национална асоцијација.

Сите услови кои мора да ги задоволат предметните служби ке бидат уредени со правилникот за судии од комисијата за судии при ОАС.

Должни се, да се јават најдоцна 1 час пред почетокот на натпреварот на директорот на натпреварот, кој по потреба ќе им издаде упатства.

Одговорни се за точно утврдување на времето во текот на кое кога поедини пилоти имаат поминато одреден дел или цела патека.

Го приготвуваат извештајот за резултатите, го потпишуваат според поединечна одговорност и го доставуваат до директорот на натпреварот или на други раководни тела на натпреварот.

Мерачите на време мора да поседуваат специјалистичка лиценца за мерач на време и да биде квалификуван за употреба на уредот за мерење на време кој се употребува на натпреварот за кој се работи.

На никого да не дава никакви информации освен на членовите на жирито или на директорот на натпреварот.

Секоја мерна служба е должна да достави на првата седница на жири од поединачните натпревари на кој натпревар го извршува мерењето, својата лиценца односно одобрението за работа издадено од ОАС за тековната натпреварувачка сезона, пописот на мерачите на време со броевите на нивните лиценци како и

пописот на мерачите на кругови со броевите на нивните лиценци ( за кружни натпревари).

На измереното време и обработката на резултати учесниците на натпреварот, во склоп на одредбите на член 176. ИСЦ (од Интернационалниот Спортски Код на ФИА), можат да вложат приговори.

Службата за изработка на резултати должна е во рок од 48 часа по завршување на последната седница на жири по пат на ел. пошта да ги достави сите резултати до секретаријатот на АФМ.

Службата за обработка на податоци (Мерната служба) во соработка со Верификационата комисија изработува неслужбена стартна листа на поединци и екипи кои ги исполнуваат сите потребни услови за натпреварот, како и им се дозволува настап на истиот.

Извештајот го доставуваат на директорот, односно на жирито на натпреварот.

## *ДОЛЖНОСТИ НА БРОЈАЧИТЕ НА КРУГОВИ*

**Член 44.**

Бројачите на кругови се должни да поседуваат важечка специјалистичка лиценца и да водат евиденција на сите извозени кругови за секој пилот и за секој круг на службениот тренинг и на трката, така да на основ на извозениот број на кругови го утврди редоследот на пилот на пооделни возења како и на крај на натпреварот.

Своите извештаи ги доставуваат до директорот на натпреварот поради проверка и објавување на службените резултати.

Квалификуваните судии за бројачи на кругови ги обезбедува организаторот од редовите на неговите членови или од комисијата за судии.

## *ДОЛЖНОСТИ НА ОСТАНАТИТЕ СУДИИ НА НАТПРЕВАРИТЕ*

**Член 45.**

Должностите на останатите судии на натпреварот се да за време на натпреварот бидат на одредените места предвидени со планот за судии и безбедносниот план на патеката.

Иако сите судии на натпреварот се подеднакво важни, посебна улога имаат носителите на судиското место: во натпреварот во кој мора да се донесе одлука дали натпреварувачот ја допрел или ја преминал одредената линија или не, или ако се работи за факти од одреден тип кои се одредени со Посебниот правилник, ќе се постават еден или повеќе судии на фактичката состојба кои ќе бидат одговорни за една или повеќе такви одлуки.

Судиите на фактичката состојба мора посебно да се наименуваат, жирито на секој натпревар мора да го верификува нивното наименување така да нивните имиња мора да бидат истакнати на службената обласна табла на натпреварот.

Директорот на натпреварот мора да го известуват за сите настанати случувања и инциденти од надлежноста кое ја покрива судиското место на кое се рапоредени, за сите случувања да дадат и писмено известување.

Мора да ракуваат и со сигналните знамиња ако за тоа се одредени во склоп со прописите.

Пред почетокот на натпреварот мора да ги извршат сите припреми кои се потребни за непречено исправно судење во текот на целиот натпревар.

Непристрасно мора да ги извршуваат задачите на судиското место на кое се рапоредени.

Потребниот број на судии за извршивање на работа на судиското место од овој член ги обезбедува организаторот на натпреварот од неговото членство или од комисијата за судии.

Лицата за комуникација со натпреварувачите и пилотите должни се да ги информираат истите за сите случувања и да бидат посредници во текот на целото натпреварување.

Оваа должност мора да му биде доделена на лице кое поседува лиценца издадена од АФМ со која го докажува поседувањето на одреденото знаење за општите правила на натпреварот.

Таа личност мора да присаствува на состаноците на жири со што би ги имал сите информации за донесени одлуки од страна на на жирито.

**Тие лица мора да бидат лесно препознатливи и поради тоа се препорачува:**

1. да носат уочливи значки или комбинезони.
2. да бидат претставени (запознаени), со натпреваривачите на состанокот на пилоти.
3. да нивната фотографија биде објавена во посебниот правилник или во билтенот ако тоа е можно, односно задолжително на службената огласна табла.

Тие лица мора да бидат присатни при планирањето, распределбата на обврските и задачите кои се изнесени на огласната табла на натпреварот а должни се на:

- Присатност на техничкиот прием на натпреварот.
- Присатност во секретаријатот на натпреварот.
- Присатност на состаноците на жири
- Присаство во стартниот простор
- Присаство покрај “parc fermé” по завршувањето на натпреварот.

**Должност им е:**

- Да даваат прецизни одговори на сите поставени прашања.
- Ги обезбедува сите информации или дополонителни документи во врска со правилата или случувањата на натпреварот.

Мора да ги избегнува дополнителните непотребни прашања за жирито кои можат да бидат задоволително решени со нивно јасно објаснување, во исклучок кога се работи за службени приговори (да ги разјаснат нејаснотиите околу времињата, со помош на членовите на мерната служба).

Предметните лица мора да се воздржат од било какво делување или давање на изјава со која би можеле да доведат до приговори.

Лицата за односи со натпреварувачите и пилотите мора да поседуват функционерска спортска лиценца најмалку од национален ранг и исклучиво смее да ја извршува таа должност на натпреварот.

## *ГЛАВЕН СУДИЈА НА КРИВИНА*

### Член 46.

Главниот судија на кривина на натпреварите мораат да имаат минимално положено за судиска лиценца од национален ранг и во последните три години морале да имаат вкупно 10 судиски задачи на натпреварите од национален или меѓународен ранга.

Работата на АФМ на Регионалните натпревари не влагува во бонусот од 10 натпревари.

Барањето за рефрешинг со евиденцијата за работата на судиите во Секретаријатот на АФМ, на знаење на Комисијата за судии, ги доставува матичниот клуб на судијата во пишана форма.

На истото мора да бидат набројани сите задачи кои судијата ги извршувал на натпреварите во минатите три години.

По примање на предметната евиденција, Комисијата за судии ќе состави попис на судии кои можат да пристапат на рефрешингот по посебниот судиски програм за главен судија на кривина.

Пописот ќе биде објавен на **web** страницата на АФМ.

Рок на доставата на евиденцијата за сите кандидати на клубот за наредната година, се доставува најкасно до 15. Декември во тековната година.

Комисијата за судии ја анализира доставената евиденција и составува и преку Секретаријатот на АФМ го објавува пописот на кандидати за главен судија на кривина до 31. Јануар наредната година.

За судиите од пописот ќе се организира годишен рефрешинг пред почетокот на натпреварувачката сезона, на кој сите се должни да присуствуваат.

Утврдениот рок за организација на рефрешингот е најдоцна до 01. Март во тековната година.

Рефрешингот ќе се одржи според посебниот судиски програм кој го изработува и спроведува Комисијата за судии.

Оставена е можност да за трошковите на рефрешингот се терети матичниот клуб на судијата.

По извршениот рефрешинг, Комисијата за судии секоја година пред натпреварувачката сезона ќе состави и преку Секретаријатот на АФМ ќе го објави на **web** страницата на АФМ пописот на главни сидии на кривина кои ги задоволуваат предходно набројаните услови.

Организаторите на натпреварувањата должни се од овој попис да изаберат главни судии на кривина за своите натпреварувања, а пописот на истите го вградуваат во Посебниот Правилник – делот под Раководство на натпреварот.

Организаторите се должни лично да контактираат со секој од избраните главни судии на кривина, за што мораат да водат пишана евиденција.

Доколку главниот судија на кривина при контакт со Организаторот на натпреварот го потврди своето доаѓање на натпреварот, а на истото не дојде без претходно оправдување за неможност (минимално 7 дена пред почетокот на натпреварот), против истиот секретарот на предметниот натпревар ќе покрене дисциплинска постапка.

Овој прекршок се третира како поголема повреда на должноста.

## ***ПОМОШНИ СУДИИ И ОСТАНАТИ ЛИЦА ЗА СПРОДЕВУВАЊЕ НА НАТПРЕВАРОТ***

**Член 47.**

Освен наведените службени лица за спроведување на натпреварот може да постојат и други помошни лица или извршители на одредени задачи на натпреварот кои се должни да се придржуваат на дадените упатства за својата работа пред и за време на натпреварот, од судиите кои непосредно раководат со нивната работа.

Помошните лица и извршителите на други одредени задачи должен е да ги обезбеди организаторот на натпреварот.

## ***СИГНАЛИЗАЦИЈА***

**Член 48.**

Кај надгледувањето на натпреварот, директорот на истиот (или неговиот заменик), како и судиите на набљудувачките места, повеќето се користат со сигнали за да би:

- допринеле за поголема сигурност на пилотите,
- да ги спроведат правилниците.

Сигналите дење се даваат со знамиња од различни бои кои можат да бидат потпомогнати или во некои услови заменети со светла.

Црна и бела сигнална табла слична на знамињата, исто така може да бидат користени за одредени сигнали: тоа мора да биде јасно назначено во Посебниот Правилник за натпреварот.

Ноќе знамињата може да бидат заменети со светла или рефлектирачки табли, но сите пилоти мора за тоа да бидат предходно известени.

Жолтите светла на секое место задолжителни се за натпреварите кои се одржуваат ноќе.

Знамиња:

Минималната големина на сигналните знамиња е 60 см x 80 см; црвено знаме и квадратно, црно- бело(Шаховница) знаме имаат димензии 80 см x 100 см.

**Сигнали со знамиња кои ги користат директорот на натпреваротилинеговиот помошник:**

а) **Национално знаме:** Обично тоа е знаме за старт на натпреварот. Сигналот за старт мора да се даде со спуштање на знамето, кое кај натпреварот со старт од место не смее да се дигне над главата додека сите автомобили не бидат застанати и никако не подолго од 10 секунди.
Ако националното знаме не се користи од некои причини, може да се користи боја на знаме која не смее да биде слична со било која боја од постоечките знамиња за да не предизвика забуна и истата мора да биде опишана во посебниот правилник.

б) **Црвено знаме:** Ова знаме се покажува на стартната линија, откако ќе одлучи да се сопре трката или тренингот; истовремено се покажува црвеното знаме и на сите судиски места на патека. Црвеното знаме исто така може да се употреби, исклучиво од страна на директорот на натпреварот или неговиот помошник при затворање на патеката.

ц) **Црно - бело квадратно знаме:** со развеано знаме се означува крајот на тренингот и / или трката.

д) **Црно знаме:** Го известува пилотот на автомобилот чиј број е истакнат, да во наредниот круг мора да се сопре во својот бокс, или на место означено во посебниот правилник, односно во стандардните правила во одреденото првенство. Ако пилотот од било кои причини не се придржува на наложеното, знамето му се покажува повторно но не повеќе од три последователни круга. Одлуката да се покаже црното знаме ја донесуваат членовите на жирито на натпреварот, а тимовите за кои тоа се однесува веднаш ќе бидат известени за таа одлука.

е) **Црнонаме сопортокалов круг во средината ( големина 40 см ):** Го известува пилотот на автомобилот чиј број е покажан дека неговиот автомобил има механички проблеми кои би можеле да го загрозат него и/или останатите учесници и означува да пилотот мора да сопре во својот бокс во наредниот круг. Кога механичките проблем ќе бидат отстранети за да ги задоволуваат барањата на водителот на техничката комисија возилото може да се врати и да го продолжи натпреварот.

ф) **Црно бело дијагонално знаме:** Ова знаме би требало да се покаже само еднаш а означува предупредување на пилотот кој е пријавен поради неспортско однесување.Знамето се покажува заедно со бела табла со црн број на пиолтот за кого се однесува.

Знамињата (**д**, и **е**, ) се покажуваат развеани и со црна табла со бел број кој му се покажува на пилотот на кој му припаѓа тој број.Истите знамиња исто така може да бидат покажани и на други места освен на стартот, ако директорот на натпреварот одлучи дека тоа е потребно.Вообичаено е да одлуката за покажување на предходните две знамиња (е, ф) ги донесува директорот на натпреварот, исто така можат да ја донесат и членовите на жирито ако тоа е одредено во посебните правила на првенството.
Екипата на која се однесува веднаш ќе биде известена за таа одлука.

***ЗНАМИЊА КОИ СЕ КОРИСТАТ НА СУДИСКИТЕ МЕСТА:***

а) **Црвено знаме:** Се покажува во ист момент на сите судиски места штом директорот на натпреварот донесе одлука за застанување на трката или тренингот покажувајќи црвено знаме. Сите пилоти мораат веднаш да ги успорат и сопрат своите возила и по интервенција на безбедносното возило да се упатат кон своите боксови или на местата одредени со прописите на натпреварот. Секое претекнување е забрането.

б) **Жолто знаме:** Жолтото знаме сигнализира опасна ситуација, треба да се покажува на пилотите на два начина со следните значења:

- Истакнување на знамето **без мавтање:** намалија брзината не престигнивај и биди спремен за промена на смерот. Делумна опасност на патеката или покрај неа.

- **Двојно мавтање:** намалија брзината, не престигнувај и биди спремен за промена на смерот. Опасност од блокирање на патеката, целосно или делумно. Жолтото знаме обично би требало да се покажува само на судиското место кое е непосредно пред опасното место. Во некои сличаи директорот на натпреварот може да нареди да знамињата се покажат на повеќе судиски места пред незгодата. Престигнувањето не е дозволено помеѓу првото жолто знаме и зеленото знаме покажано по незгодата Жолтите знамиња не се покажуваат во боксовите освен ако таму не се случи незгода за која би требало да бидат известени пилотите.

ц) **Жолто знаме со вертикални црвени ленти:** Треба да се покажува како би ги известила пилотите на влошување на подлогата со истекување на моторно масло или вода на патеката на подрачјето по истакнатото знаме. Ова знаме мора да се покажува најмалку (со обзир на околностите ) четри круга се додека подлогата на патеката не стане повторно нормална. Меѓутоа не е потребно на подрачјето по сето ова каде што е покажано овоа знаме да се покаже и зелено знаме.

д) **Светлосино знаме, сигналза престугнување:** Кога со него се мафта се обрнува вниманието на пилотот дека во близина е возило кое се подготвува да го претекне. Има други значења за тренинг и трка. Во секое време: Знамето во мирување треба да се покаже на возачот кој го напушта боксот ако на патеката се приближува некое друго возило.
За време на тренинзите:
Да се тргне од патот на побрзото возило кое го петекнува.
За време на трката:

Знамето обично се покажува на автомобил кој ќе биде престигнат за цел круг како и кога е покажано на пилотот истиот мора да го пропушти возилото зад себе во прва прилика.

е) **Бело знаме:** Белото знаме развеано го известува пилотот дека возилото кое се движи со знатно поспора брзина се наоѓа во зона на патеката на местото каде што е развеано белото знаме.

ф) **Зелено знаме:** Се без пречки. Означува дека патеката е без пречки и потебно е да со неа се мафта на судиското место веднаш по местото на инцидентот закој било потребно користење на едно или повеќе жолти знамиња.

Исто така може да се користи ако директорот на натпреварот смета дека е неопходно да биде сигнал за старт на загревачкиот круг или стартот на тренингот.

### *СВЕТЛОСНИ СИГНАЛИ:*

Кога светлосните сигнали ги пратат или во некои случаи ги заменуваат сигналите дадени со знамиња мора да бидат во склад со следната спецификација:

- светлата можат да бидат од класична лампа со ЛЕД диода прицврстени на една табла, или во друг облик одобрен од ФИА.
- заменуваат црвена, жолта и зелена, сини или бели знамиња.
- ако двојните жолти знамиња се сметаат за неопходни, тие и понатака мора да биде истакнати.
- инсталацијата мора да содржи по две бои кои се користат.
- светлата мора да бидат сместени така да светат како пар одвоени светла а не да се соединуваат.
- црвеното и жолтото светло не смеат да бидат сместени едно до друго.

## *ОБЛЕКА*

**Член 49.**

Начинот на облекување на службените лица на сите натпреварувања е одреден со одредбите од Правилникот кој го има одобрено ОАС на АФМ.

Се препорачува да службените лица покрај патеката употребуваат обележја со портокалова боја.

Делегатот на АФМ, жирито и двајцата членови на техничката комисија кои ги има назначено АФМ, не смеат на натпреварите да употребуваат облека со рекламни обележја.

Се препорачува користење на обележјата на АФМ.

## *ВОЗИЛА УЛОВИ*

**Член 50.**

Сите возила со кои се настапува на натпреварите мораат да одговараат на одредбите на додатокот “Ј” од ИСЦ.

Посебно може да се одобри отстапување во поглед на класи кои се одобруваат за натпревари или група на натпревари во склоп на една натпреварувачка сезона, а во склоп со додатокот на техничкиот правилник кој посебно се издава.

Одстапување на возилата со кои се настапува на Првенството на Македонија од додатокот “Ј” од ИСЦ, се пропишува со годишните додатоци пред почетокот на

натпреварувачката сезона и во текот на годината не можат да се менувааат освен по одлука на ФИА.

## *ОЗНАЧУВАЊЕНА ВОЗИЛАТА ( БРОЕВИ И РЕКЛАМИ )*

**Член 51.**

За време на натпреварите, на возилата мора да бидат истакнати стартните броеви. Стартните броеви мора да бидат читко испишани од класичен тип со големина и изглед на место на возилото кое мора да одговара со одредбите од соодветните додатоци на ИСЦ.

Натпреварувачките броеви на бела четвороаголна подлога и со класичен облик (1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 0).

Кај возилата со светла боја, околу белата четвороаголна подлога мора да има црна лента. Димензијата на подлогата е 30 см висина и 35 см ширина.

Броевите мора да бидат истакнати на предната лева и десна врата или покрај местото на пилотот на двете страни на возилото.

Минималната висина на броевите е 28 см, а дебелината на броевите е 5 см.

За евентуална грешка на судијата настаната поради нечистливост, несоодветноста или недостатокот на стартните броеви, последиците ги сноси пилотот и истите не можат да бидат предмет на никакви жалби.

Останатите ознаки и натписи како реклами и слично, не смеат да бидат поставени така што ќе ги покриваат стартните броеви.

Стартните броеви по завршување на натпреварот мора задолжително да се симнат или да бидат покриени на возилото кое евентуално се вклучува во редовен сообраќај.

Рекламирање за време на натпреварите кои се одржуваат под покровителство на АФМ може да се одвива на различни начини.

Истакнување на натписи или цртежи на возилото, на облеката на пилотите, копилотите и натпреварувачите, на одговарачки места по должина на патеката, во посебните правилници и програми на натпреварите, по пат на радио, телевизија или разгласен уред на патеката.

Важно е да без оглед на начинот на кој се користи рекламирањето никој не е со тоа оштетен, увредуван, или пак не влијае на било чија сигурност во текот на натпреварувањата.

Забранети се налепници пропагандни пораки и слично, налепени било каде на стаклата на возилото.

Исклоучок се рекламни налепници на ветробранското стакло со ширина најголема до 10 см и една налепница со ширина до 10 см. на задното стакло на возилото.

Задолжителната рекламна налепница која не може да ја одбие ни еден пилот е со димензии 10 x 35 см, а ќе се наоѓа над стартниот број.

Ако на возилото нема толку место пилотот е должен да остави слободна површина на возилото во непосредна близина на стартниот број.

Ако пилотите несакаат на своето возило да стават не задолжителни рекламни налепници од организаторот, истиот може да наплати надоместок во висина на двојната стартарина предвидена на тој натпревар.

Што се однесува на кацигата на натпреварувачот рекламирањето е дозволено до таа мера додека не се пречекорат техничките особини на кацигата.

## *КВАЛИФИКАЦИЈА, ТЕХНИЧКИ ПРИЕМ НА ВОЗИЛАТА ИВЕРИФИКАЦИЈА*

**Член 52.**

Возилата на натпреварите се делат на категории групи и класи.

При пријавување за натпреварувањето пилотите и натпреварувачите под полна одговорност, ја потпишуваат пријавата, гарантираат дека нивното возило одговра според категоријата, група и класа за која го имаат пријавено, и спремни се да прифатат полна одговорност и соодветни казни ако се утврди спротивното.

**Член 53.**

Пред приемот на натпреварот, се извршува технички преглед на возило од страна на техничката комисија на организаторот (ТКО), во таа прилика се извршува визуелен преглед на возилата, одговараат ли возилата на категориите, групи и класи за кои се пријавении за кои се одржува натпреварувањето.

Истовремено се извршува проверка на исправноста на стартните броеви, опремата на пилотите и со копилотите како и сигурносната опрема на возилото.

Ако прегледаното возило не одговара на категоријата, групата или класата за која е пријавено може но немора да дозволи настап со тоа возило во некоја друга група и класа за која дотичното возило ги исполнува потребните услови.

**Член 54.**

После општиот визуелен преглед на возилата како и утврдувањето дека истото е правилно распределено во класа, група односно категорија, ТКО ќе го одобри учеството на возилото на тој натпревар.

## *ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД*

**Член 55.**

Проверката на работната зафатнина моторот и другите делови на возилото кои бараат расклопување и/или отварање на моторот се извршува по завршување на натпреварот, ако е поднесен приговор од пилот или натпреварувач.

Идентична проверка можна е и е дискреционо право на жирито или на водителот на техничката комисија во предходна согласност со жирито.

По барање за подетален преглед со расклопување на возилото се приложува гаранција која ќе служи за подмирување на трошковите настанати при прегледот на возилото.

## *ПАТЕКИ*

**Член 56.**

Комисија за лиценцирање на патеки во состав на Спортскиот Директор од соодветната дисциплина, преставник на организаторот како и двајца активни пилоти од кои едниот е најмалку одреден од советот на пилотите за дисциплините А01 и А02 а другиот кој не е член на организаторот (ако во предходните години бил меѓу првите тројца во група или класа која се бодувала), задолжени се да изработат записни според кој секретаријатот на АФМ ја издава лиценцата.

Покрај барањето за лиценцирање на патеката, организаторот кој го поднесува барањето задолжително мора да уплати парична котизација според ценовникот одреден од ОАС на АФМ.

Забрането е одржување на натпревари во населени места во дисциплината А01 (кружни натпревари).

Освен ако се исполнат условите од член 2(два) од Правилникот за патеки за А01.

Комисијата за лиценцирање, е одговорна за одредување на сигурносните услови во склоп со правилникот на патеки за сите дисциплини.

Организаторот кој нема да ги исполни сите услови пропишани при лиценцирање на патеката, по завршниот преглед ден пред трката од страна на

делегатот нема да биде одобрено одржување на трката ако се работи за сигурносните услови кои можат да ги загрозат учесниците во натпреварот.

Истовремено на организаторот ќе му биде наплатена котизацијата која е приложена при пријавување на натпреварот.

Ако пак се работи на недостатоци кои не влијаат директно на безбедноста на патеката (струја и вода во паркот на пилотите и слично) на организаророт ќе му биде наплатен дел од котизацијата кој што се наоѓа во секретаријатот на АФМ.

Делегатот на натпреварот односно жирито кое ќе одобри одржување на трка спротивно на овие правила против истите ќе биде покрената дисциплинска одговорност.

Организаторот на натпреварот е должен на секој натпревар лиценцата на патеката со сите пропратни записници и планови, да ја достави на увид на жирито на натпреварот.

Рок на важноста на лиценцата за автодроми кои имаат меѓународна лиценца, им престанува важноста со истекот на рокот кој го има пропишано ФИА.

Рок на важност на лиценцата за автодроми која е издадена од ОАС ќе има важност три години.

Доколку на лиценцирната патека нема никакви промени продолжувањето на важноста на лиценцата може да ја изврши самиот Спортски Директор, а котизацијата е двојно помала од редовната.

Импровизираните патеки во населени места, задолжително се лиценцираат секоја година ,а котизацијата е двојно помала од редовната, доколку нема значителни промени на патеката.

## *НАТПРЕВАРИ*

**Член 57.**

Носител и надлежно одговорно тело за автомобилистичките натпревари во Република Македонија кои се одржуваат како меѓународни или само национални, е АФМ.

Ни еден клуб (организатор), не може да се стекне со право на организација на меѓународен натпревар, ако во текот на истата натпреварувачка сезона не пријавил и организирал најмалку еден натпревар кој ќе се бодува за шампионатот на Македонија.

Секој потенцијален организатор кој по прв пат сака да организира натпревар во дисциплините  А01, А02, А03 ... мора претходно да организира најмалку едно отворено натпреварување кое ќе биде надгледувано од ОАС.

По натпреварот за секое поедино натпреварување, ќе се земе во обзир квалифицираноста на клубот, членка на АФМ, во секој сегмент,  АФМ потпишува договор со секој организатор на кој му е доделена организација за пооделен натпревар.

Од тој момент, клубот организатор ја превзема целата одговорност, спортска и материјална, за реализација на целиот проект.

Во текот на припремите организаторот е должен обврзан редовно да го известува ОАС за сите елементи на припремата.

Не е допуштена никаква комуникација помеѓу ФИА и организаторот без знаење и посредување на АФМ.

Ниту еден натпревар на територија на Р.Македонија ,кој  не е впишан во системот на натпревари од календарот на АФМ НЕ МОЖЕ да се организира од ниту едно физичко или правно лице ,без посебно издадена дозвола од ОАС на АФМ.

**Член 58.**

За сите пријавени натпреварувања под надлежност на АФМ, организаторите се должни да уплатат котизација и гаранција одредена со ценовникот на АФМ за натпреварувачката сезона.

Не одржување на натпреварот, организаторот е должен најдоцна во рок од осум дена од предвидениот датум за одржување на истиот, да ги врати сите уплатени котизации до моментот на откажувањето на натпреварот.

Ако тој рок не биде испочитуван, секретарот на натпреварот подлегнува на дисциплинска одговорност, а организаторот на парична казна.

Органозаторот на натпреварите за шампионатот на Република Македонија должен е да го организира натпреварувањето ако на време и уредно примил најмалку 10 пријави со уплатена членарина (А01),10 пријави (А02) или 10 пријави (А03).

**Член 59.**

Без обзир на рангот на натпреварот во Република Македонија секој организатор е должен:

- да го истакне знамето на Р. Македонија, службените обележнја на АФМ, да ја интонира химната на Р. Македонија, да ги почитува сите одредби од договорот за соработка потпишан со АФМ.
- да органзира прес центар на натпреварот.
- сите судии кои работат на натпреварот мора да бидат осигурани од последиците на несреќен случај за време на авто натпреварите со најмала сума од 50.000,00 денари во случај на смрт и 150.000,00 денари во случај на инвалидитет.

Судиите се осигуруваат преку АФМ. Гледачите можат да бидат осигурани по пат на полиса за штета на имоти и личности на трети лица и со посебна плиса за гледачи според прописите за спортски приредби (најмал износ од 50.000,00 денари во случај на смрт и 150.000,00 денари во случај на траен инвалидидет).

Организаторот е исто така должен да обезбеди полиса за осигурување на трети лица за дисциплините А01, А02, А03 ... како би ги покрил сите евентуално настанати штети од страна на возилата кои учествуваат на натпреварот (објекти и слично).

Во останатите дисциплини организаторот не мора да има полиса за осигурување но мора да ги поднесе сите настанати трошоци за сите евентуално настанати штети на трети лица со тоа што тоа ќе го потврди со дадена писмена изјава на првата седница на жири.

На сите натпреварувања организаторот мора да има полиса од одговорност за несреќен случај за сите акредитирани лица , гости, и редари.

На првата седница на жири од натпреварот организаторот се задолжува да достави нотарски заверена правосилна изјава со која се задолжува дека ќе ги сноси сите евентуално настанати разлики помеѓу износот на осигурувањето на осигурителната полиса и стварната настаната штета.

## *МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРУВАЊА*

**Член 60.**

На меѓународните натпревари можат да учествуваат натпреварувачи од еден или повеќе национални асоциации (АСН) кои имаат меѓународна лиценца на ФИА издадена од АСН.

## *ЗОНСКИ НАТПРЕВАРУВАЊА*

**Член 61.**

Во ова вид на натпревари спаѓаат натпреварите кои ги организира АСН која припаѓа на подрачјето кое го признава ФИА и ограничени се со пилоти и копилоти кои имаат национална или меѓународна лиценца на едно од АСН која се наоѓа на тоа подрачје(зона).

За овие натпреварувања се применуваат спортските правила на ФИА (ако постојат правила на ФИА) за тој вид на натпревари, од услови да тоа биде наведено во Посебниот Правилник за тоа натпреварување.

АСН кои учествуваат во зонското натпреварување мора да плати годишна чланарина ако тоа го одреди спортската комисија на зоната.

## *ПОСЕБНИ НАЦИОНАЛНИ НАТПРЕВАРУВАЊА ( ОТВОРЕНИ )*

**Член 62.**

Овие натпреавувања се организираат само за пооделни пилоти од АСН кои на тие натпревари може да поканат пилоти од друг АСН. Право да учествуваат имаат само пилотите и копилотите кои имаат национална или меѓународна лиценца која ја издава една од АСН.

Од резултатите од овие натпревари може да се утврди бодовната листа и резултатите од националните првенства согласно на одредбите на Додатоците на Правилниците важечки за тековната година.

## *НАЦИОНАЛНИ НАТПРЕВАРУВАЊА*

**Член 63.**

Овие натпреварувања исклучиво се под надзор на ОАС и се ограничени на пилотите, копилотите и останатите членови на организациите на АФМ.

Во спроведувањето на овие натпревари се применуваат одредбите од меѓународниот закон за спорт (ИСЦ) и неговите Додатоци, Додатоците на овој Правилник и Посебниот Правилник на натпреварот.

На основа на договор со друга АСН, можна е организација на подрачјето на две или повеќе АСН кои ќе се бодуваат за првенството на Р. Македонија и за другите АСН.

Во случај да во текот на еден викенд на исто место се одржуваат два или повеќе натпревари во различни дисциплини не е дозволено истите да се одвиваат во ист ден како ни да членовите на жири да бидат истите лица во различитите дисциплине на тој викенд.

## *ЛОКАЛНИ НАТПРЕВАРУВАЊА*

**Член 64.**

Надзорот на овие натпреварувања го врши ОАС а се одржуваат на територијата на поедини Општини во Р. Македонија и се огранчени со учество со пилоти и копилоти кои се членови на АФМ.

Овие натпреварувања се одржуваат според одредбите на Посебните Правилници за тие натпреварувања, кои мораат да бидат во склоп со одредбите на овој Правилник и Додатоците од овој Правилник.

Обврска на организаторите на таквите локални натпреварувања се да ги достават на увид Посебните Правилници во Секретаријатот на АФМ како би можело да се провери дали ги исполнуваат сигурносните услови за одржување на натпреварите.

Котизацијата во Календарот на натпревари, како и подмирувањето на трошоците за делегатите на АФМ е задолжителна.

## *НАТПРЕВАРУВАЊА ВОСОСТАВ НА МЕЃУНАРОДНИТЕ*

**Член 65.**

Националните натпревари може да бидат вклучени во меѓународните натпревари.

## *КАЛЕНДАР НА НАТПРЕВАРИ НА АФМ*

**Член 66.**

Националниот Календар за автоспортовите, го одобрува ОАС.

При пријавување за запишување во календарот на натпревари организаторот е должен за секое пријавено натпреварување да го уплати износот за упишување на натпреварот во календарот одреден со ценовникот за тековната година кој го има одобрено ОАС на АФМ.

Истовремено во секретаријаот на АФМ со потпишаниот договор со АФМ организаторот исто така мора да приложи (или уплати) гаранција дека пријавенот натпревар ќе биде одржан.

Датумот од првиот и последниот натпревар по дисциплините по запишувањето во календарот не може да се менуваат ни од било која причина.

Терминот до кој можат да се менуваат останатите дати од календарот, ќе бидат најкасно 30 дена пред почетокот на натпреварот во таа дисциплина на автоспортовите, со уплата на двојна сума од уписнината за натпреварот во календарот.

Ако во случај на некоја причина натпреварот не може да се одржи во пријавениот термин истиот дефинитивно се откажува.

Исклучок се одјави на натпревар поради премал број на пријавени пилоти/посади на натпреварот.

За евентуалната наплата на гаранцијата во таа прилика ќе одлучи ОАС по писменото објаснување од организаторот.

По конечниот упис во календарот на натпревари за натпреварувачката сезона, причина за одјавување-откажување на натпревар НЕ МОЖЕ да биде недостаток на финансиски средства.

ОАС во тој случај може да му одобри на друг организатор дополнително запишување на натпреварот во календарот.

Дозволено е да два организатора во иста дисциплина си го сменат редоследот на своите натпреварувања со тоа што веќе одредените датуми на натпреварите во календарот мора да останат исти.

Дозволено е на организаторот да го смени местото на натпреварот запишан во календарот со тоа што датумот на натпреварот не може да биде променет.

Исклучиво може на организаторите да им се дозволи промена на термин на веќе еднаш одјавено натпреварување, но единствено во случај ако е одјавеното натпреварување неодржано поради премал број на пријавени пилоти / посади.

Овој случај дозволен е едино доколку ново предложениот термин не влијае на термините на веќе пријавените натпревари, а исто така не е дозволена промена на термин за последниот натпревар во сезоната во поедините дисциплини.

Ново предложениот термин го потврдува ОАС.

Пријавите за натпреварите за наредната натпреварувачка сезона за националното Првенство, се доставауваат до 31.12. во тековната година.

Истовремено организатор потпишува договор со АФМ, исто така доставува гаранција со износ пропишан со ценовникот на АФМ за одредената дисциплина како гаранција за секој поединечно пријавен натпревар.

Организаторите кои пријавуваат натпревари надвор од редовниот рок должни се да ги прифатат датумите од календарот кои останале празни со тоа што за запишување во националниот календар да уплатат уписнина за 100% поголема од редовната.

При разгледување на пријавите за редовно и дополнително упишување во календарот, пријавите на организаторите можат да бидат одбиени на оние организатори кои претходните натпреварувања ги немаат организирано на потребно ниво или ги откажале веќе пријавените натпреварувања и ги немаат одржано без разлика дали ги исполниваат условите на конкурсот.

Бројот на натпреварите кои можат да се запишат во календарот како национални или отворени како и приоритетни ги одредува Управниот Одбор на АФМ на предлог на ОАС.

При донесување на календарот за наредната натпреварувачка сезона ОАС не мора да ги прифати пријавите од пединиците организатори кои според извештаите на надзорните судии (делегати) или според некои други показатели не ги задоволиле поставените критериуми.

При донесување на календарот за шампионатот имаат приоритет меѓународните натпреварувања и тоа по следниот ред:

- светско првенство
- европско првенство
- зонско првенство
- челинџ натпреварите
- шампионатот на Р. Македонија
- отворените маѓународни натпревари
- локални општински натпреварувања

**Член 67.**

Календарот, со обзир на дисциплините, поделен е на соодветнен подкалендарски број, означен со арапски број, и тоа:

1. Авто натпревари на кружни патеки А01
2. Авто натпревари на ридски патеки А02
3. Авто натпревари во врелљѕг А03
4. Автокрос А04
5. Теренски возила (Cross country) А05
6. Оценско авто рели, оценско спретно возење А07
7. Аутослалом А09
8. Натпревари во забрзување А10

За секоја дисциплина од авто спортовите се одредува соодветен пред број кој се добива така што пред редниот број од ставот еден од овој член за секоја спортска дисциплина се упишува 0.

Овој пред број задолжително се упишува во соодветната лиценца која ја издава АФМ на (натпреварувачите, тимовите, пилотите, копилотите и судиите) од дисциплината за која е издадена.

Секое натпреварување наведено во Календарот има и свој регистарски број под кој се евидентира во секретаријатот на АФМ.

Овој број мора да се наведе во сите дописи врзани за тоа натпреварување.

## *ПОСЕБЕН ПРАВИЛНИКЗА НАТПРЕВАРИТЕ*

**Член 68.**

Ни еден натпревар не може да се организира без Посебен Правилник за тој натпревар, во кој се одредуваат поединостите кои не се опфатени со овој правилник ниту со додатоците од овој правилник.

Предлог Посебниот Правилник за сите дисциплини од автоспортот го изработува организаторот во пишана форма во 4 промероци како и "безбедносниот план" го доставува преку Секретаријатот на АФМ на заверка.

Нивната примена мора да стапи на сила дури по нивно одобрување и заверка од страна на Спортскиот Директор од соодветната дисциплина, председателот на Судиската комисија за автоспортови и Секретаријатот на АФМ.

Доставата на непотполен и недоследен предлог од Посебниот правилник на кој се потребни дополнителни измени, дополнувања и доработки се третираат како пропуст поради кој организатор на натпреварот може да биде и парично казнет во склоп со одредбите за гаранции и членарини кои ги одредува ОАС на АФМ.

Обврска на секој организатор е да го завери Посебниот Правилник најкасно 60 дена пред почетокот на меѓународните натправари и 45 дена пред почетокот на натпреварите за шампионатот на Р. Македонија.

Ако не го испочитува зададениот рок и се закасни до 15 дена се наплаќа казна според одлука на ОАС на АФМ.

Ако се задоцни повеќе од 15 дена организаторот го губи правото за организација на натпреварот кој е запишан во календарот како и гаранцијата која е доставена (уплатена) во Секретаријатот на АФМ.

Заверениот Посебен Правилник ораганизаторот е должен да го објави на WEB страницата на АФМ.

Доставата на Посебниот правилник кон заинтересираните клубови преку електронска пошта или по пошта, е задолжителна за сите организатори најкасно 30 дена пред почетокот на натпреварот.

Ако организаторот од било која причина доцни со доставување на посебнот правилник мора за исто толку време да го продолжи рокот за доставување на пријави од страна на пилотите и копилотите без можност за наплата на двојна стартарина.

Не придржување кон ова одредба се наплатува казна според одредбите за гаранции и членарини кои ги одредува ОАС на АФМ.

За следење на почитувањето на роковите од овој член задолжени се Спорските Директори од сите дисциплини и Секретаријатот на АФМ.

Посебниот Правилник на натпреварувањето кое се бодува за шампионатот на Р. Македонија мора да биде напишан на македонски јазик.

Во случај да натпреварот бодуван за шампионатот на Р. Македонија се одржува надвор од државата а Посебниот Правилник на тоа натпреварување не е на Македонски јазик Спортскиот Директор мора да издаде доплнување на таквиот правилник ако тоа е потребно.

Им се препорачува на Спортските Директори на поедините дисциплини да состават типски Посебни Правилници во „doc" формат, кој ќе биде објавен на **web** стараницата на АФМ и ќе им служи на организаторите за поквалитетна изработка на Посебните Правилници на поедините натпревари.

**Член 69.**

Посебаниот Правилник на натпреварот мора да ги опфати сите поединости кои се значајни за одржување на посебниот:

- попис на извршните и надзорните спортски судии и служби кои се на клучни должности со броевите на лиценците
- рок за поднесување на пријавите
- сатница и програма за изведување на натпреварот
- сите детали значајни за непречено одвивање на натпреварот.

Во воведниот дел на посебнот правилник треба да се назначи дека натпреварот се одржува во склоп со ИСЦ, Правилникот за авто спорт како и со важечките правилници за тековната година.

Задолжително е исто така да се наведе ден и саат за прием на пилотите копилотите и натпреварувачите на натпреварот, почетокот и време траењето на тренингот, времето на одржување на брифингот, времето на стартот, редоследот на стартот по класи со должина на траењето на трката, како и саат и место каде ќе се објавуваат неофицијалните и официјалните резултати.

Посебно во Посебниот Правилник на натпреварот мора да се наведат условите кои мора да ги исполнат пилотите , копилотите и натпреварувачите, возилата со кои настапуваат како и групите и класите.

Во Посебниот правилник се објавува исто така и за кој вид се бодува натпреварот (поединечно, екипно и слично), роковите до кога се поднесуваат пријавите, начинот на објавување за евентуални измени, дежурни телефони накој сите заинтересирани може да сеобратат поради службени информации за натпреварот, начинот за стартување, сите видови на награди и трофеи, за делумното покривање на трошоците за тој натпревар.

Составен дел од Посебнот Правилник е скица од патеката која мора да биде изработена во назначените мерки.

Во скицата на патеката мораат да бидат назначени сите важни елементи согласно Правилникот за патеки.

**Член 70.**

При заверка на Посебниот Правилник Спортскиот Директор проверува дали е во склоп со овој Правилник и останатите Правилници со кои се регулираат натпреварувањата во склоп на различити прванства или останатите видови на натпреварувања.

Постојат ли некои наподмирени обврски од страна на организаторот кон АФМ, Посебниот Правилник нема да биде заверен, односно нема да биде дозволено одржување на натпреварот а организаторот може да биде казнет со 200.000,00 денари за што одлучува ОАС.

**Член 71.**

Одобрениот Посебен Правилник организаторот може да го смени во случај на виша сила најдоцна до седум дена пред одржување на натпреварот.

Измената на посебниот правилник се објавува по пат на билтен кој го заверува Секретаријатот на АФМ до датумот на почетокот на пријавување, а откако билтенот ќе биде прегледан и заверен од страна на Спортскиот Директор на дисциплината , Судиската комисија.

На натпреварот Посебниот Правилник во случај на виша сила може да биде променет од страна на жирито на натпреварот, кое тогаш ги заверува сите билтени.

Но и по тие промени, Посебниот Правилник мора да биде усогласен со овој Правилник и останатите Правилници со кои се регулираат натпреварите од ралзичните првенства.

Во случај да условот од став еден од овој член не е исполнет одржаниот натпревар може да биде поништен.

За сите измени на Посебниот Правилник се известуваат сите пилоти копилоти  и натпреварувачи по писмен пат (со дополнувањата на посебниот правилник).

Никакви измени не можат да се спроведат со усмено известување.

**Член 72.**

Предлогот Посебниот Правилник за натпреварувањата од рангот на светско и европско првенство се доставува во ФИА во рокот кој го има пропишано ФИА преку Секретаријатот на АФМ.

**Член 73.**

На испечатениот Посебен Правилник,  на програмата, плакатите и на сите останати публикации во врска со натпреварот, мора на видно место да биде истакнат амблемот на АФМ, како и амблемот на ФИА, ако се одржуваат меѓународни натпревари.

Исто така мора да бидат и другите ознаки кои ги донел Управниот одбор и ОАС (генералниот спонсор и слично).

Тоа ќе биде регулирано со одредбите во договорот потпишан помеѓу АФМ и секој организатор.

## *ПРИЈАВИ*

**Член 74.**

При доставување на пријавите на адреса на организаторот, пилотите се должни да ја уплатат котизацијата предвидена со посебниот правилник.

Во случај да котизацијата се плати по рокот пропишан во посебниот правилник но не покасно од 24 саата пред објавување на листата на пријавени, организаторот може да наплати двојна котизација.

Измена на податоците во пријавата (пилот, копилот, возило и сл.) мораат исто така да се извршат во роковите наведени во посебниот правилник.

Рокот за доставување на пријавите на организаторот не смее да биде пократок од 7 дена пред почетокот на натпреварот, а листата на пријавени мора да биде објавена најдоцна 3 дена пред почетокот на работата на Техничката и Верификационата комисија.

Се остава отворена можност на објава на информативна листа на пријавени на натпреварот 7 дана пред почетокот на работа на Техничката и Верификационата комисија.

Оваа можност станува обврска доколку истата  се дефинира во поедините Додатоци на овој Правилник.

Сите пријави кои ќе пристигнат по објавување на листата на пријавени и пријави за кои не е платена котизација, организаторот не може да ги прифати.

Во случај на спор околу почитување на роковите меродавен е датумот на поштенскиот жиг на отпремената пошта.

По заклучување на приемот на пријави, организаторот на натпреварот ги известува сите учесници кои ги има примено на натпреварот и составува попис на пријави со стартни броеви.

Начинот на одредување на стартни броеви се одредува со додатокот за тековната година, односно со посебниот правилник.

Евентуалните одјави на поедини натпреварувања, можни се исклучиво во пишана форма, најдоцна до последната седница на жири.

Организраторот се задолжува да под притисок на санкции, листата на пријавени мора да ја достави до секретаријатот на АФМ и тоа најдоцна 72 саати пред почетокот на работата на Верификацијата и техничкиот прием.

Ако организаторот не ја достави листата на пријавени во пропишаниот рок, за санкциите ќе одлучува ОАС.

## *ПРИЕМ НА ПИЛОТИ, ВОЗИЛА И ОПРЕМА*

**Член 75.**

На самиот почеток на натпреварот организаторот е должен да организира место за прием (котизација, рекламни налепници, индетификациски картони и сл.).

Потоа мора да се изврши техничкиот прием на сите возила кои се пријавени за натпреварот.

Приемот го извршува ТКО во склоп со одредбите на Техничкиот Правилник и неговиот додаток. Возилата на техничкиот прием доаѓаат со поставени стартни броеви и потполно опремени за натпреварување.

Покрај возилото мора на проверка да се изнесе и опремата која е пропишана за пилотите и копилотите во поедините дисциплини на авто спортот.

Техничкиот прием и Верификацијата ќе се извршат најмалку два саати пред почетокот на тренингот на поедините класи односно на трката, ако тренингот во таа дисциплина не е предвиден.

Времето се пресметува од престанок на работата на ТКО и Верификацијата на поедините класи, па до стартот на поедината класа.

Организаторот е должен да во Посебниот Правилник за натпреварот да го назначи времето и местото каде ќе се изврши техничкиот прием и верификацијата.

Просторот на кој ќе се извршува техничкиот прием и верификацијата, задолжително мора да биде со физичка препрека заштитен од лицата кои не смеат да бидат присатни.

Сите поединости мораат да бидат во Елаборатот за патеката кој го потпишува комисијата за лиценцирање на патеката.

Организаторот може, со одобрение на жирито(спортската комисија), да организира дополнителен технички прием и верификација, но задолжително со писмено барање на пилотот или клубот за кој пилотот настапува.

Во тој случај може да се наплати котизација пропишана во ценовникот на АФМ одобрен од страна на УО.

Натпреваувачкиот автомобил на еден пилот не може исто времено да биде и резервен автомобил на друг или повеќе пилоти.

Под натпреварувачки автомобил на еден пилот се подразбира да е пријавен на име на пилотот и со истото е направени технички прием и верификација.

Резервните автомобили мораат да се наоѓаат во сервисниот паркинг доколку не се користи. Резервниот автомобил на тренинг може да го користи било кој пилот.

Но од моментот кога прв пат го користел еден пилот, не можат повеќе да го користат преостанатите пилоти на кои тој користен автомобил им служел како резервен.

Во текот на трката не може да се менуваат автомобилите.

**Член 76.**

При пријава на возилото се извршува проверка на техничката исправност на возилото дали е опремено во склоп со одредбите на додатокот ”J” од ИСЦ, од овој Правилник, од постоечките додатоци и другите пропишани важечки прописи а според постапката која е пропишана во Техничкиот Правилник за авто спортови на ОАС.

По техничкиот прием, ТКО ја потврдува техничката исправност на возилото со својот потпис во посебна книга или на посебен образец.

Техничката комисија може со одредени маркирања или ознаки да ги обележи поедините делови од возилото поради спречување на нивна замена а според одредбите на Техничкиот Правилник или неговиот додаток.

## *КАРТОН НА ВОЗИЛОТО, ИДЕНТИФИКАЦИСКИ КАРТОН ( IDENTY CARD)*

### Член 77.

Пилот (посада) на поедини возила мораат да бидат пишани на картонот кој за време на целиот натпревар мора да биде истакнат на видно место (задно лево стакло).

На картонот мора да се наоѓаат основните карактеристики на возилото и податоци на пилотот-копилотот (во склад со одредбите пропишани по оделни дисциплини).

Губењето на картонот се казнува со исклучување од натпреварот.

Било какви исправки на картонот, промена на картонот и слично без одобрение од службено лице, ќе бидат санкционирани со исклучување од натпреварот а прекршителот ќе биде даден на дисциплински судија.

## *ВЕРИФИКАЦИЈА*

### Член 78.

На верификацијата, пилотот и копилотот доаѓаат по извршениот технички прием и со одобрение од Техничката комисија, дека се дозволува старт со пријавеното возило.

Верификацијата опфаќа преглед на возачката дозвола, (не е задолжителна за дисциплината А09, а за дисциплините А01 и А02 само за меѓународните натпреварувања), пилотската и копилотската лиценца, лекарското картонче, како и останатите исправи со кои се потврдува исполнување на условите од страна на учесникот на натпреварот пропишани за истото.

### Член 79.

Верификациската комисија ги извршува и сите останати работи во врска со утврдување на точноста на податоците од пријавите на тимовите и екипите за разни натпреварувања и за различни тимска и екипна конкуренција.

По завршената верификација, верификационата комисија во соработка со Службата за обработка на податоци (Мерната служба) изработува неслужбена стартна листа на поединци и екипи кои ги исполнуваат сите потребни услови за натпреварот, така да им се дозволува настап на истиот.

Извештајот се доставува до директорот односно до жирито на натпреварот.

Верификационата комисија може на разни начини да извршува проверка за време или по завршување на натпреварот поради оневозможување на кршење на важечкиот правилник за тој натпревар.

### Член 80.

Во составот Верификационата комисија се наоѓа и службенот доктор.

Тој може да изврши посебен лекарски преглед пред почетокот на натпреварот, а може и во кое било време во текот на натпреварот.

Секој пилот кој ќе одбие да се изврши таков посебен лекарски преглед мора да биде исклучен од натпреварот, а за неговото одбивање мора да се извести надлежното спортско тело.

Лекарската служба на натпреварот може да изврши АЛКО ТЕСТ на пилотите и спортските функционери, како и да организира АНТИ-ДОПИНГ тест.

Истот е потребно претходно да се најави.

## СОСТАНОК СО ПИЛОТИ

**Член 81.**

Пред почетокот на тренингот (на трката) организаторот во саатницата мора да предвиди состанок со пилотите и натпреварувачите.

Состанокот го води директорот на трката и/или председателот на жирито.

Состанокот мора да биде организиран најмалку 30 мин. пред почетокот на службениот тренинг.

Присатноста на состанокот е обврска на секој пилот-посада доколку не се присаствува на состанокот предвидена е парична казна.

Истата ќе биде пропишана во додатоците по дисциплината.

## ПАРК ЗА ПИЛОТИ

**Член 82.**

Сместувањето и уредувањето на паркот на пилотите ќе биде регулирано во записникот за лиценцирање на патеката или во додатоците од правилникот.

Должност е на организаторот да во паркот на пилотите обезбеди лице кое ќе биде задолжено за превземање на евентуални приговори и проследување на истите до директорот на натпреварот или до жирито (во Посебниот Правилник на натпреварот задолжително се именува лицето кое смее да ги превземе евентуалните приговори).

## ЗАТВОРЕН ПРОСТОРЗА ПАРКИРАЊЕ («PARC FERMÉ»):

**Член 83.**

Сите пулоти / посади кои учествуваат на натпреварот должни се, по завршување на истиот, да ги остават своите возила во затворениот простор за паркирање, освен ако со додатоците за тековната година не е пропишано поинаку.

Невлегувањето во затворениот паркинг повлекува по себе исклучување од предметниот натпревар.

Правилата на затворениот паркинг се применуваат со преоѓање на целната линија.

Околу поединостите кои се однесуваат за затворениот паркинг организаторот е должен да ги извести пилотите при задолжителниот состанок со пилотите.

Пилотите се должни со преоѓање на целната линија и следејќи ги упатствата од судиите да го одвезат своето возило без застанување во затворениот паркинг.

Доколку возилото не е во возна состојба, организаторот е должен со возило за влечење да го донесе возилото во паркот за пилоти (доколку се работи за трка) или во сервисниот паркинг (доколку се работи за тренинг).

За останатите повреди на правилата на затвотениот паркинг можна е примена на парична казна.

Висината на паричната казна ќе ја одреди жирито на натпреварот.

По истекувањето на рокот за поднесување на барање за проверка на техничката исправност на возило, оние возила на кои не е поднесено барање за проверка на техничка исправност може да го напуштат затворениот простор за паркирање.

Наредбата ја издава директорот на натпреварот а по наредба на жирито.

Организаторот мора да го обезбеди просторот околу затворениот паркинг на начин да не дозволи пристап на неовластени лица.

Одредбите на овој член ги исклучува дисциплинате А09, која во Додатокот на овој Правилник (Додаток А09) има дефиниран специфичен начин на чување и контрола на возилата по завршените возења.

**Член 84.**

Ако е примено барање за проверка на техничката исправнот на возило, а возилото на кое се однесува барањето не се наоѓа по вина на пилотот или натпреварувачот за кој возилото се натпреварувало во пропишаното време во затворениот простор за паркирање, пилотот ќе биде исклучен од тој натправар и ќе биде побарано да се поведе дисциплинска постапка за истиот.

Дисциплинската постапка ја покренува директорот на натпреварот.

Ако било кој пилот биде затечен во затворениот паркинг без присуство на овластеното лице за водење на затворениот паркинг, ќе биде исклучен.

**Член 85.**

Возилото на кое е вложено барање за проверка на техничката исправност, се враќа на сопственикот по извршениот технички преглед.

## *ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИ*

**Член 86.**

Организаторот на натпреварот мора да ги објави резултатите и редоледот во зависност за поедините дисциплини, во роковите и со податоците кои се за секоја дисциплина пропишани во Додатиците на Правилниците за важечката тековна година.

**Член 87.**

Неофициалните резултати ги потпишува директорот на натпреварот а официалните резултати членовите на жирито.

Кај неофициалните резултати, задолжително треба да се наведе времето на нивното објавување, како би се знаело точното време до кога може да се вложи евентуален приговор.

**Член 88.**

Организаторот на натпреварот е должен да комплетните резултати осум дена по завршување на натпреварот да ги достави до ОАС и на сите организации чии пилоти, копилоти и натпреварувачи учествувале на натпреварот.

Организаторот исто така е должен најдоцна 8 дена по завршување на натпреварот во потполност да ги исплати сите трошоци на сите службени лица на натпреварот, исто така сите парични награди за пилотите ако се предвидени со Посебниот Правилник за натпреварот, ако паричните награди веќе не се исплатени на самиот натпревар.

За непочитување на ова одлука организаторот и секретарот на натпреварот се подлежни на дисциплинска одговорност.

Во случај на непридржување на одлуката од предходниот став, на организаторот ќе му се наплати покрај износот неопходен за покривање на трошоците казна која ја одредува ОАС од гаранцијата приложена во Секретаријатот на АФМ.

Комплетните резултати мора да содржат: стартен број, име и презиме на пилотот и копилотот, име на клубот, име на екипата, марката на возилото, резултатот, редоследот и бројот на освоени бодови.

Секој организатор е должен во текот на натпреварот да изготви доволен број на документи од предходниот став за потребите на водителите на екипите, тимовите, новинарите и сл.

Само во исклучутелни случаеви, ако за донесување на одлука за решавање по вложена жалба е потребно подолго време, резултатите на кои била вложената жалба би влијаела, нема да бидат прогласени, се додека жалбата не биде конечно решена.

## ОДРЕДУВАЊЕ НА РЕДОСЛЕД

**Член 89.**

Ако по завршување на еден или на сите одржани натпревари во една сезона при изработка на тимски/клубски или поединечен редолслед се случи да два тима/екипи на клубови, две посада и/или два поединци имаат ист број на бодови (по евентуално одбивање на бодови, ако во додатокот за поедината дисциплина е предвидено) подобро место ќе завземе:

1. оној тим/клуб, посада или поединец кој има освоено поголем број на подобри места на тоа/или сите бодувани натпревари (сметајки го пласманот со бруто бодови).

2. оној тим/клуб, посада или поединец кој има повеќе бруто бодови.

3. оној тим/клуб, посада или поединец кој има освоено поголем број на бодови на натпреварите на кои настапувале заедно.

4. оној тим/клуб, посада или поединец кој на првото (или второто, третото) посебен испит/натпревар, остварил подобар редослед.

Натпреварувањето на кое пилотот, посадата, клуб/тим е исклучен од резултатите поради дисциплински прекршок, не може (ако со додатокот за поединечната дисциплина е предвидено одбивање на бодови за најлош резултат) да се смета како најлош резултат.

## ПРИГОВОРИ

**Член 90.**

За констатирани неправилности на натпреварот, пилотите, водителите на тимови и овластените представницина на клубови со приложување на натпореварувачката лиценца можат да вложат пишан приговор до директорот или на било кој член од жирито на натпреварот.

Приговорите задолжително, во облик како што се примени се проследуваат на седницата на жирито.

Жирито одлучува дали евентуалната уплата на гаранција е доволна и дали ќе биде дополнително побарана доплата на истата при евентуално зголемени трошоци при техничкиот преглед на возилото, во случај да приговорот се однесува на техничка исправност.

Ако вложувачот на приговорот не сака да ја уплати евентуалната разлика приговорот со евидентирање во записникот на жирито нема да биде прифатен.

Организаторот е должен при примањето на гаранцијата на уплатувачот да му издаде уплатница, а по евентуалната одлука на жирито за исправност на приговорот, секретарот на натпреварот мора веднаш да го врати целиот уплатен износ.

Приговорите се доставуваат во пишана форма и се предаваат во следните рокови:

1. Приговори на работата на ТКО и класификација на возилата за стартната листа:

- се поднесуваат најкасно 120 минути по завршивањето на работата на ТКО, мора да бидат решени пред почетокот на натпреварот, а ги решава жирито

(се однесува на меѓународни натпревари). На националните натпревари во Р. Македонија, рокот за приговори останува 30 минути.

2. Верификациска комисија по примање на возила и пилоти:
- се поднесуваат најкасно 30 минута по објавување на неофициалната стартна листа
- мора да бидат решени пред почетокот на натпреварот, а ги решава жирито.

3. Приговори на резултати и неправилности на тренингот и припремањето на патеката:
- се подносуваат 30 минути по објавување на резултатите од тренингот
- мора да бидат решени пред стартот на трката, а ги решава жирито.

4. Приговори на текот на одвивање на трката:
- се подносуваат најкасно 30 минути по завршување на трката
- ги решава жирито, а мора да битдат решени пред објавување на официалните резултати.

5. Приговори на неофицијалните резултати и мерењето на време:
- се поднесуваат најкасно 30 минути по објавување на неофицијалните резултати
- мора да бидат решени пред прогласувањето на официалните резултати, а ги решава жири.

6. Недозволени приговори:

Не се дозволени приговори против одлуката на судиите за фактичка состојба според одлуките на Член 149. ИСЦ. Исто така едан приговор против повеќе од еден натреварувач(масовен приговор) нема да биде прифатен.

Должност на организаторот е, покрај секое известување (заклучок) резул;татите и останатите пишани документи на кои учесниците на натпреварот би можеле евентуално да вложат приговор, да го запише времето на објавување на тие документи.

Со сите приговори мора да се приложи гаранција пропишана од ОАС, односно со ценовникот на АФМ за тековната година.

Ќе се разгледуваат само јасно формулирани и аргументирани приговори.

Во случај на неможност за наплата на финансиските побарување по основ на приговорот, АФМ побарувањето ќе го наплати по пат на директно задолжување на носителот на натпреварувачката лиценца.

## *ПРИГОВОРИ НА ТЕХНИЧКАТА ИСПРАВНОСТ НА ВОЗИЛОТО*

### Член 91.

Приговорите во кои се бара визуелен преглед на возила, како и расклопување со детален преглед на возилото, се поднесуваат најкасно 30 минути по објавата на неофициалните резултати за поедини класи (групи) и возења.

Приговорите се доставуваат на директорот или на било кој член на жирито, а тие по консултација со водителот на ТКО, задолжително ги проследуваат на седницата на жирито.

Приговорот мора да се предочи пред објавата на официалните резултати.

Ако тоа не е можно во краток временски период да се направи, официалните резултати во категоријата, класата или групата на возила на која је вложен приговор, ќе се објават накнадно, но секако пред наредниот натпревар.

Во случај на оправданост на приговорот на техничката исправност на возилото водителот на ТКО дава до жирито оценка за «тежината» на техничката неисправност на возилото.

На темелот на одлуката на жирито, секретарот на натпреварот поднесува пишана пријава против пилотот а на дисциплинскиот судија за авто спортови ,најкасно пет дена од донесената одлуки.

Истата процедура се применува и во случај редовен завршен и/или «летечки» технички преглед по одлука на жирито.

**Член 92.**

Жирито на натпреварот е должно да донесе одлука по вложениот приговор, (без оглед на тоа за каков приговор се работи), а потоа лицето кое го вложило приговорот да го извести за таа одлука во пишана форма и усмено на состанкот на жирито, како би можело да вложи жалба ако е незадоволно со одлуката на жирито.

Во случај да лицето, кое го вложило приговорот, не е веќе достапно на организаторот на самото натпреварување, обврската е на секретарот на истиот, да пишана одлука од жирито по вложен приговор, ја достави на домашна адреса на вложувачот на приговорот најдоцна осум дана по донесување на одлуката. Меѓутоа, во тој миг веќе не постои можност на било каква жалба. Одлуката на жирито е конечна.

**Член 93.**

Жирито донесува одлука за исклучување од натпревар на возилата кои по нечиво барање во врска со Член 90. и 91. од овој Правилник, било прегледано, и е утврдено дека не одговара со прописашаните услови.

Жирито тоа може да го стори по техничкиот преглед ,кој е извршен со дискрециско право на жирито.

## *ЖАЛБИ / АПЕЛ*

**Член 94.**

Сите одлуки на директорот и жирито се доставуваат на пилотите, копилотите и натпреварувачите писмено преку лицето задолжено за контакт со пилотите.

Во колку пилотот, копилотот или натпреварувачот одбијат со потпис да ја примат одлуката на директорот или на жирито, истите го губат правото на вложување на приговор или апел на таа одлука.

Жалбата или апелот на одлуката на жирито на националните или меѓународните натпревари одржани на територијата на Р. Македонија, мора пилотите лично да ги најават на седницата на жирито при соопштување на одлуката на жирито по вложениот приговор.

Вонредно во случај на докажана виша сила (изненадна болест, повреда на натпреварот и сл.), дозволено е тоа да го направи овластениот претставник од клубот на пилотот, во име на пилотот.

Најдоцна еден саат по примената пишана одлука на жирото, вложувачот на приговорот е должен да достави до жирито на натпреварот пишана најава, со уплатена членарина предвидена за приговор кој е уплатен до ОАС.

Во спротивно, жирито може својата одлука да ја смета за конечна.

Членарината со вложениот приговор може да се уплати во готово.

Највеќе 48 саати по најавата за апел (се признава датата од поштенскиот жиг) пилотот е должен да достави пишано образложение на апелот до ОАС преку Секретаријатот на АФМ.

Ако во предвиденот рок секретаријатот на АФМ не прими во пишана форма апел се смета дека пилотот се откажал од апелот.

Членарината уплатена при најавата на апелот останува во АФМ.

Само во спор во кој е вклучен носител на лиценца од друга АСН може да се вложи меѓународен апел во склоп со ИСЦ.

Апелационата комисија на ОАС задолжена за авто спортот , должна е да одржи седница на која ќе бидат сослушани сите странки со нивните сведоци ако постојат (се признаваат и пишани изјави), така да се донесе конечна одлука во рок од најкасно 30 дена од примањето на апелот во секретаријатот на АФМ.

Без оглед на исходот на одлуката, не може да се одреди одржување на нов натпревар.

На одлуката на апелационата комисија на ОАС, не постои повеќе можност за жалба на носителите на лиценца на АФМ.

**Член 95.**

По усвоениот апел кој се однесува на резултатите, се извршува исправка за објавените неофицијални резултати.За исправката на резултатите задолжен е Спортскиот Директор на соодветната дисциплина.

Организаторот е должен да ги чува сите награди предвидени во Посебниот Правиник на натпреварот кои ги нема поделено по класа или класи на која или кои се однесува апелот.

Најдоцна 8 дена по приемот на пишаната одлука од апелационата комисија организаторот е задолжен на пригоден начин да ги додели предвидените награди.

Во спротивно секретарот на натпреварот ќе биде дисциплински казнет по основ на пријавата која мора да ја поднесе спортскиот директор на дисциплината во која се одржал натпреварот.

Вложувачот на апелот чиј апел е позитивно решен, не може по основ на тоа да бара од организаторот или АФМ да му исплати паричен надоместок за евентуалните зголемени трошоци.

Доколку апелот е одбиен или накнадно повлечен исплатената членарина нема да биде вратена.

Ако апелот е утемелен, членарината или нејзиниот дел може да биде вратен ако до тогашните трошоци не биле исти или поголеми од уплатената членарина.

## *ПРАВОНА РЕВИЗИЈА*

**Член 96.**

Ако во натпреварите кои се дел на системот на Првенството биде откриен нов доказ, без оглед дали жирито веќе донело конечна одлука или не, истото жири или некој друг наименуван од ОАС, мора да се најде на договорениот датум повикувајќи ги и странките вклучени во спорот, да ги чујат релевантните објаснувања во рамките на ново донесените докази.

Право на повторен апел на ова ново донесена одлука, имаат право странките кои се заинтересирани за тој предмет, во склоп со последниот став од Членот 80. и наредните членови од ИСЦ.

Ако првиот апел бил предочен на националниот апелационен суд случајот во склоп со одредбите на ИСЦ ќе му биде повторно предочен за можна ревизија на предходните одлуки.

Периодот во кој може апелот за ревизија да се донесе, истекува на 30 Декември од тековната година.

## *ПРОМЕНИ*

**Член 97.**

Евентуалните промени најави и распишување на нови класи и групи, се најавуваат две натпреварувачки сезони однапред.

Освен ако се условени со нови прописи од ФИА или одредени со зголемување на бројот на возилата во Р. Македонија

## *ДОДАТОЦИНА ПРАВИЛНИКОТ*

**Член 98.**

Сите поединости за одредени првенства и дисциплини се објавуваат детално во додатоците на правилниците кои важат за тековната година.
Посебно треба да се објават :

1. име на првенството. дисциплината и година за која се организира
2. календарот односно натпреварувањата кои се сметаат за некое првенство
3. системот на бодување и бројот на натпревари од кои ќе се собираат бодовите за првенството
4. условите за учество на пилотите, копилотите, натпреварувачите и тимовите
5. условите за возилата: групи и класи
6. најмал број на возила кои треба да учествуваат за да се признаат резултатите
7. најмал износ на кој мораат да се осигураат пилотите, копилотите и судиите на натпреварот
8. дозволени одстапувања од додатокот "J" од ИСЦ кои учествуваат во шампионатот на Р. Македонија и други натпревари под директен надзор на ОАС
9. евентуално дозволена помош на пилотите во текот на одвивањето на треинзите и трките
10. прописите за затворениот простор за паркирање
11.паричен износ кои се должни да го уплатат пилотите, копилотите и натпреварувачите ако одбијат носење на незадолжителните реклами на организаторот за време на натпреварот
12. попрецизен опис на начинот и должината на времетраењето на тренингот и начинот на утврдување на стартните позиции
13. начин на стартување со детален опис на изведување на истиот
14. должина на траење на натпреварот и на поединечните возења во зависност на дисциплината во автоспортовите
15. особини на патеката: вид, должина и други важни детали
16. начин на изработка на резултатите и редоследот на натпреварот поединечни и за разните тимови / екипи

**Член 99.**

ОАС може во посебен случај наместо откажаниот натпревар да одреди друг, со тоа да одлуката биде донесена најкасно пред одржување на два преостанати натпревари кои се бодуваат за соодветното првенство.

**Член 100.**

Во една натпреварувачка сезона, може да се одржат најмногу 10 натпревари во секоја од распишаните дисциплини.

Ако бројот на натпреварите кои се бодуваат за шампионатот од било која причина бидат помалку од три ќе се земе во обзир да тој шампионат не е одржан.

Исклучиво во случај да поради виша сила не може да се одржи бројот на натпреварите во предходниот став првенството со одлука на ОАС може да се прогласи за регуларно.

## *КУПОВИ*

**Член 101.**

Натпреварите за Куп можат да ги организираат правните лица (членки на АФМ), кои се носители на натпреварите за конкретниот Куп распишан од ОАС, што потпишуваат договор за меѓусебните права и обврски со АФМ.

Правното лице кое ги организира натпреварите за Куп мора да има натпреварувачка лиценца која ја има издадено АФМ во склад со прописите од овој правилник и со одобрение на ОАС.

Носителот на Куп натпреварите должен е да достави правилник за Купот до ОАС на конечно усвојување.

Секоја измена и дополнување на правилникот за Купот мора да го одобри ОАС.

**Член 102.**

Сите натпреварувања за купот мора да се спроведуваат во склоп со одредбите со овој правилник додатоците важечки за тековната година и додатокот за конкретниот куп кој е одобрен од ОАС.

Техничките правила за куповите, (поодделни модели на возила) можат , освен во општите сигурносни услови да одстапуваат од останатите општи одредби од додатокот “J” од ИСЦ.

## *ЗАВРШУВАЊЕ НА НАТПРЕВАРУВАЧКАТА СЕЗОНА*

**Член 103.**

По завршување на натпреварувачката сезона ОАС ги верификува постигнатите резултати во текот на истата, ги прогласува и ги наградува државните прваци и победниците во системот на натпреварите за националното Првенство во сите дисциплини и категории во авто спортот.

Во случај на неподмирени финансиски долгувања на АК / АКК према АФМ ОАС може да го одбие прогласувањето на државните прваци и победници кои припаѓаат на АК / АКК должници.

**Член 104.**

По објавата на привремените резултати кои се однесуваат на вкупниот редослед на крајот на натпреварувачката сезона изработен од страна на Спортските Директори на пооделните дисциплине незадоволните странки можат во рок од осум дена да поднесат приговор до ОАС.

Одлуката на ОАС е конечна така да на истата не е можно повеќе да се вложува приговот односно жалба и апел.

Искличиво по објавените конечни резултати на ОАС можат да побараат измена на резултатите доколку со непобитни докази се докаже грешка во обработката.

Рок за такви жалби е 15 дена по објавените конечни резултати од страна на АФМ.

## *ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ*

**Член 105.**

Право на толкување на одредбите на овој Правилники на натпреварите е во надлежност на жирито на натпреварот.

Надвор од натпреварите, толкувањето на одредбите на овој правилник се во надлежност на ОАС.

Конечниот збор по жалбената постапка внатре во АФМ, ако истиот не се однесува за спорови поврзани со парични средства, во надлежност е на Апелациската комисија за автоспорт.

Сите спорови од финансиска природа ќе ги решава Арбитражната комисија.

**Член 106.**

Во текот на натпреварувачката сезона не е дозволена никаква измена и дополнување на овој правилни и на неговиот додаток.

**Член 107.**

Со датата на стапување на сила на овој правилник важечки во тек на 2017 година, престануваат со важност Правилниците за авто спортови со кои биле регулирани одредбите за авто натпреварите во Р. Македонија во текот на 2016 година.

**Член 108.**

Овој Правилник е одобрен на седницата на Одборот за Авто Спорт на АФМ одржан на 21.12.2016 година во Скопје.

Правилникот стапува на сила осум дена по службеното објавување на истиот.

Председател на
Одборот за Авто Спорт на АФМ
Ранко Станојковски
с/р